

Орден св. Климент Охридски за градоначалникот Милан Бандиќ



Постхумно интервју со Реџепова:

Еден живот, една песна и една единствена Есма

# Македонски глас

Година XXIV 2016.
НОЕМВРИ – ДЕКЕМВРИ
STUDENI – PROSINAC
БРОЈ 104
ISSN 1333-7769



## РАЦИНОВ ДЕН – БЕЛИ МУГРИ
## Времето одминува, судбината се повторува



Уметнички синергии – творештво на македонски уметници во Хрватска



МКД „Илинден“ повторно ги обедини Македонците

# caffetin COLD®

# caffetin COLDmax®

**Za ublažavanje simptoma prehlade i gripe**

**Tableta ili topli napitak, izbor je Vaš!**




*paracetamol*
*pseudoefedrin*
*dekstrometorfan*
*vitamin C*

*paracetamol*
*fenilefrin*




**caffetin COLD**

- ✓ POVIŠENA TJELESNA TEMPERATURA
- ✓ GLAVOBOLJA
- ✓ BOL U MIŠIĆIMA
- ✓ GRLOBOLJA
- ✓ CURENJE IZ NOSA
- ✓ SUHI KAŠALJ

1-2 tablete 4 puta na dan

**caffetin COLDmax**

- ✓ POVIŠENA TJELESNA TEMPERATURA
- ✓ GLAVOBOLJA
- ✓ BOLOVI
- ✓ GRLOBOLJA
- ✓ ZAČEPLJENOST NOSA

Sadržaj vrećice otopiti u čaši tople vode uz miješanje i popiti, ne više od 4 vrećice kroz 24 sata

ALKALOID
*Health above all*

OGL-904-02-10-2015-HR

Prije upotrebe pažljivo pročitati uputu o lijeku,
a o rizicima i nuspojavama upitajte svog liječnika ili ljekarnika.

**GLASILO ZAJEDNICE MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ**

**СПИСАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА**

Главна и одговорна уредничка:
МИЛЕНА ГЕОРГИЕВСКА

Заменик на главната и одговорна уредничка:
ЕЛИЗАБЕТА ПЕТРОВСКА

Уредништво:
Компјутерска обработка: Владо Чакмак
Превод и лектура: Марија Георгиева-Петриќ
Секретар и коректор: Елизабета Петровска

Редакциски одбор:
Васил Тоциновски
Тинка Барбутов Крстева
Мирјана Мајиќ

Редакција:
Елизабета Петровска – Загреб
Јулијана Младеновска Тешија – Осиек
Ана Азеска – Риека
Елена Кипровска Кнежиќ – Задар
Биљана Митревски – Сплит
Михаела Златеска – Пула

Ovo se glasilo tiska sredstvima iz Državnog proračuna RH posredstvom Savjeta za nacionalne manjine RH.

Nakladnik: Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj, Zagreb, Masarykova 16/1
Matični broj: 3805760
OIB: 07739533563
Žiro račun: PBZ – IBAN: HR6023400091100038804
Tel./Fax: (01) 48 72 655
web: www.zmurh.hr
e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr
zmurh.hr@gmail.com

За издавачот: Илија Христодулов
Печат: М-Принт д.о.о. Загреб

Temeljem odredaba čl. 58. st. 3. Zakona o javnom informiranju RH (N.N. br. 22/1992) novine su prijavljene i registrirane pod br. 421 u Ministarstvu kulture i prosvjete, Sektor informiranja, dana 14.7.1993

Prema mišljenju Ministarstva kulture i prosvjete Republike Hrvatske broj 532-03-1-7-94-01 od 10. svibnja 1994. ova tiskovina je oslobođena plaćanja poreza na promet.

ЗАБЕЛЕШКА: Коментарите објавени на страниците на ова списание со потписи на авторите се мислења на истите и не секогаш го одразуваат мислењето на Уредништвото. Уредништвото е одговорно само за текстовите без потпис. Материјалите испратени на нашата адреса стануваат сопственост на списанието, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.

## ЕХО НА ВРЕМЕТО

### Агол на уредникот
### Urednikov kutak



# Раѓање

Ни се раѓаат деца, но и идеи. Човек е среќен кога ќе се случи и едното и другото. А уште посреќен е кога ќе застанат на нозе, односно кога ќе се реализираат. Пред и после Нова година бевме во атмосфера на Христовото раѓање, среќа за сите христијани кои го слават Божиќ – католици или православни верници.

Но, во изминатата година славевме и 25. роденден на првото македонско културно друштво во Хрватска „Илинден“ од Риека, а потоа и четврт век на МКД „Македонија“ од Сплит. Прославивме и 25 години од формирањето на Заедницата на Македонците во Република Хрватска, родендени на останатите македонски културни друштва во нашата втора татковина, а потоа го одбележавме и излегувањето на 100. број на Македонски глас – идеи што ги реализирале наши Македонци во Хрватска.

Во наредниов период ни останува остварување на нашите идеи преточени во проекти кои ќе бидат во реализација на македонските културни друштва обединети во Заедницата на Македонците во РХ. Тие веќе се етаблирани и препознаени по својата мисија – зачувување на својот културен идентитет. Останува да нѐ изненадат со бројните активности, кои, на наше задоволство, а со респектабилна почит што ја изразува хрватската држава, се подржани со доделување на средства за остварување на културниот аматеризам.

Милена Георгиевска
(m.georgievska@gmail.com)

---

Почитувани читатели,

Во минатиот број на Македонски глас во текстот на стр. 27 посветен на Тоше Проески се провлече ненамерна грешка. Имено, наведено е дека литургијата во негова чест ја држел претседателот на Заедницата на Македонците во РХ, Илија Христодулов, но тој всушност само го читаше Словото. Христодулов не е свештено лице за извршување света литургија, тоа може единствено да го направи протојереј Кирко Велински.

Се извинуваме за пропустот и ви благодариме за разбирањето.

Од Редакцијата

# Интернет пријавување за средства од буџетот на РХ

***Во новините од работата на Советот за националните малцинства на Република Хрватска се вбројува воведувањето на онлајн систем за пријавување на програмите од областа на културната автономија на националните малцинства во Република Хрватска, како и за следење на сите извештаи за работата и реализацијата на одобрените проекти, што почнува од оваа година***



Советот за националните малцинства на Република Хрватска и досега имаше доста транспарентни Критериуми за избор на програми и Методологија за следење на извршувањето на програмите и наменското трошење на средствата кои им се доделени на сите културни здруженија на националните малцинства во Република Хрватска кои своето делување го базираа на доделувањето средства преку Јавниот повик на Советот за програмите на културната автономија.

Една од препораките на Државната канцеларија за ревизии, како и буџетски надзор, беше и донесување на нови критериуми и методологија со кои би се пропишале и постапките за вреднување и начините на известување на здруженијата на националните малцинства. Новина е пред сè, што досегашната пракса и постапките во реализацијата на Јавниот повик се обединуваат и пропишуваат на едно место и се одредуваат лимити за користење на средства според видот за кој се наменети.

## Автоматско креирање на ранг-листата

Токму поради транспарентноста, по прв пат оваа година, се воведува онлајн начин на пријавување на програмите, како и автоматско креирање на ранг-листа која ќе гарантира дека доделените средства се користат наменски, а со цел да се подобри извршувањето на предложените програми и, што е уште поважно, да се овозможи средствата од Државниот буџет на Република Хрватска да се трошат ефикасно, рационално и наменски. Ранг-листата, која је креира самата апликација, е во директна корелација со одговорите кои по пат на формулари ќе се пополнуваат онлајн.

За на сите здруженија да им се овозможи што полесно пријавување, потребно е да направат една мала подготовка, а тоа е скенирање на сите потребни документи во ПДФ формат и нивно спремање на едно место во зададен фолдер. Исто така, треба да ги подготват сите податоци кои ги бара апликацијата, за самото пријавување да оди што полесно и што побргу. На овој начин е намалена можноста на поднесување на некомплетни пријави, на пријавување на некомплетни програми или на поднесување на пријави без некои од основните податоци за здруженијата кои што конкурираат за средства.

Исто така, што е навистина важно е тоа што оваа апликација ќе ѝ овозможи на Стручната служба на Советот за националните малцинства на РХ полесен и потранспарентен начин на следење на извршувањето на одобрените проекти и исправноста на трошењето на средствата кои се одобрени за одделни проекти. Стручната служба сега ќе биде во можност и да направи целосна база на податоци на корисниците на овие средства, како и да направи различни видови извештаи кои од Советот за националните малцинства на Република Хрватска ги бараат разни државни институции, контроли и ревизии. Сето ова нè приближува до правилата на однесување на буџетските корисници во Европската унија и по правилата кои пред Советот на националните малцинства ги постави Министерството за финансии на Република Хрватска.

Биљана Митревски

# Со нови планови и програми за работа во 2017 година

На 14 декември 2016 година во просториите на ЗМРХ во Загреб се одржа Вонредна седница на Собранието на Заедницата на Македонците во РХ со една точка на дневниот ред – усвојување на Планот и програмата за работа и на Финансискиот план на приходи и расходи на ЗМРХ за 2017 година. Потребата за одржување на оваа Вонредно собрание беше усвојување на горепоменатите документи како услов за аплицирање на Јавниот повик за предлагање програми за 2017 година до Советот за националните малцинства на РХ, а согласно новиот Закон за здружe-



нија на РХ и новиот Статут на ЗМРХ, како и согласно новите Критериуми и методологија од Советот, кои стапија на сила на 10 ноември 2016 година.

Претседателот Илија Христодулов во уводниот дел констатираше кворум на делегатите на Собранието. За членови на работното претседателство беа именувани Ивона Дуноски Митев, Ангел Митревски и Борис Трајановски, за записничар Елизабета Петровска, а Цветко Поповски и Благој Штерјов за заверувачи на записникот. Во понатамошната дискусија се рече дека предлозите за Плановите на ЗМРХ се темелат на усвоените Планови на друштвата за 2017 година. По расправата, со корекции на финансискиот дел од предлогот на Планот, и двата Плана едногласно беа усвоени од делегатите на Собранието.

Е. П.

# Кон подобрување на креативноста и иновативноста

***На седницата се расправаше за подмладување на членството на Друштвото со воведување на нови, интересни содржини и активности во претстојниот период***



Редовното Собрание на МКД „Охридски бисер“ од Загреб се одржа на 11 ноември 2016 година во салата на здружението „Зелена акција“. По свеченото интонирање на хрватската и македонската химна, потпретседателот Цветко Поповски рече дека тој ќе ја води седницата, бидејќи претседателот Благој Штерјов поради болест е спречен да присуствува. По утврдениот кворум и усвоениот дневен ред, тој го прочита Извештајот за работата на Друштвото за 2015 година. Потоа секретарката Виолета Штерјова ги поднесе Годишниот финансиски извештај за 2015 година и Планот и програмата за работата на Друштвото со финансиска конструкција за 2016 година. По дискусијата, сите извештаи беа едногласно усвоени од членовите.

На седницата се расправаше за подмладување на членството на Друштвото со воведување на нови, интересни содржини и активности во претстојниот период. Се спомна и работата на секциите, со предлози за подобрување на креативноста и иновативноста, што е од особена важност за интензивирање на соработката со останатите национални малцинства, како и мотивација за придобивка на нови членови во Друштвото.

Е. Петровска

## Вонредна седница на Собранието на Друштвото

Поради усвојувањето на Планот и програмата за работа и на Финансискиот план на приходи и расходи на Друштвото за 2017 година, Вонредното Собрание на МКД „Охридски бисер“ од Загреб се одржа на 8 декември во просториите на Заедницата на Македонците во РХ. Елизабета Петровска ги информираше членовите за новите Критериуми и методологија од Советот за националните малцинства на РХ и за промените во Јавниот повик за предлагање програми за 2017 година. По расправата, членовите ги усвоија и двата предлога. На крајот, претседателот Благој Штерјов на членовите им посака плодна и успешна работа.



# Женска хуманост на дело

Во организација на Интернационалниот клуб на жени – Загреб, на 4 декември 2016 година на Загрепскиот велесаем се одржа традиционалниот 23. по ред *Божиќен саем*. Овој хуманитарен саем и годинава официјално го отвори загрепскиот градоначалник Милан Бандиќ.




Македонскиот штанд беше во организација на Амбасадата на РМ во РХ, која на посетителите им се претстави со традиционални специјалитети и со други препознатливи македонски производи – вино, ајвар, чаеви, кекси, слатки, козметика и слични производи – донации од Алкалоид, Тиквеш, Езимит, Витаминка, Врутак, Визба Валандово, Mama's ајвар, Свислион, Макпрогрес, Пелистерка, ресторанот „Македонски мерак“ од Загреб, како и книги од Заедницата на Македонците во РХ и украси и честитки со македонски мотиви – рачна изработка на етно работилницата „Разбој“ при МКД „Охридски бисер“ од Загреб. На саемот беше одржана и културна програма, а Македонија беше застапена преку настапот на вокалната етно група „Езерки“.

Според процените на организаторите, настанот го посетија околу 8000 посетители. Меѓу изложувачите беа речиси сите амбасади, а македонскиот штанд беше меѓу најпосетените. Средствата од продадените производи беа наменети за потребите на Детската градинка „Владимир Назор“ и Музичкото училиште „Бруно Бјелински“ од Дарувар, како и на здружението „Sustav Orkestra Djece i Omladine – SODO El Sistema Hrvatska“.

Е. П.

# Средба со Заедницата на Хрватите во Република Македонија



Заедницата на Македонците во Република Хрватска и МКД „Охридски бисер“ од Загреб на 2 ноември во просториите на ЗМРХ оствариja пријателска средба со претседателот и потпретседателот на Заедницата на Хрватите во Република Македонија, Ненад Живковиќ и Бранко Секованиќ. Гостите ги пречекаа потпретседателот на ЗМРХ и претседател на МКД „Охридски бисер“ од Загреб, Благој Штерјов, претседателот на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб, Томе Апостолоски, почесниот претседател на ЗМРХ, Никола Гроздановски, и други членови.

На средбата се разговараше на повеќе теми од областа на дејствувањето на овие малцински здруженија. Се разменија нови идеи и предлози за соработка на проекти од културата, со слични интереси и за хрватскиот и за македонскиот народ, како приоритет за единство на различностите. Секако, се дојде до заклучок дека се потребни млади сили за развивање и зајакнување на успехот во зацртаните цели.

Со добри желби и пријатно дружење заврши средбата, а Елизабета Петровска на гостите им подари неколку книги во издаваштво на ЗМРХ и примероци на „Македонски глас“.

Е. П.

## ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА






# Македонија низ поезија, фотографии и песни

*Авторите на стихозбирката и изложбата, Милена Златеска и Павле Миљовски, својата уметничка креативност ја претставија пред широката загрепска јавност*

Под покровителство на Советот за националните малцинства на РХ, а во организација на МКД „Охридски бисер“ од Загреб, на 23 ноември 2016 година во библиотеката „Тин Ујевиќ“ во Загреб се одржа културната манифестација „Денови на македонската култура“.

Добредојде на гостите им посака водителката на библиотеката, Теа Грашиќ-Квесиќ. Како дел од манифестацијата се одржа промоција на стихозбирката „Огниште“ од Милена Златеска од Пула, а во издание на Заедницата на Македонците во РХ. Во улога на промотор се најде универзитетскиот професор д-р Васил Тоциновски, кој за делото рече дека ги отвора портите на домот за љубов, добрина, почит и разбирање, а оние што ќе уживаат во неговите страници, ќе ги врати кон себе, ќе ги помилува и разнежни, ќе ги повика на потсетување и на љубов.

Програмата ја водеше познатата актерка и пејачка Костадинка Велковска, која рецитираше и стихови од поезијата на Златеска. Авторката пак, која исто така се претстави со неколку песни од стихозбирката, се заблагодари на поддршката за издавањето на книгата и за одржувањето на загрепската промоција.

### Колорити на Македонија и Хрватска

Настанот опфати и отворање на изложбата фотографии „Колорити на Македонија и Хрватска“ на авторот Павле Миљовски, а промотор на истата беше Анте Дамјановиќ. Прекрасните фотографии со хрватски и македонски мотиви го красеа изложбениот простор на библиотеката до 3 декември.

За музичкиот дел од програмата се погрижи пејачката група „Моми бисерни“ во придружба на оркестарот „Охридски бисер“ при МКД „Охридски бисер“ од Загреб, а коишто под водство на Сафиудин Алимоски со изведба на неколку македонски народни песни ги развеселија присутните во преполната библиотека.

Меѓу гостите се најдоа и пратеничката во Собранието Ермина Лекај Прљаскај, претседателот на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб, Томе Апостолоски, почесниот претседател на Заедницата на Македонците во РХ, Никола Гроздановски, членовите на Друштвото, како и други припадници на македонското национално малцинство и нивните пријатели.

По завршувањето на официјалниот дел од програмата, следеше прием и коктел каде што присутните уживаа во вкусните македонски домашни специјалитети.

Елизабета Петровска



# Еден живот, една песна и една единствена Есма

*Интервјуто со Есма Реџепова е направено веднаш по завршувањето на нејзиниот величествен концерт во Сплит на 5 јули 2017 г., во 23.50 ч. и е веројатно еден од нејзините последни интервјуа, ако не и последен во нејзиниот живот*



**Добро ни дојдовте во Сплит после триесет години. Какви Ви се впечатоците од концертот?**

Пред сè, публиката е таа што би требала да каже каков беше концертот. Мене ми беше одлично. Се друживме добро и што е поважно, на сите ни беше весело и сите сме задоволни. Посебно задоволство ми е што поголемиот дел од овие 1.500 луѓе цело време играше и пееше заедно со сите нас на бината. Сплитската публика навистина знае што сака и што ѝ треба.

**Од Вашиот последен концерт во Сплит поминаа триесет години. Дали е тоа можно?**

За жал, мора да го потврдам овој Ваш податок. Има веќе 20 години од смртта на мојот Стево Теодосиевски, а токму десет години пред тој тажен настан, настапувавме последен пат во Сплит. Инаку, пред тоа бевме постојани гости на Јадранскиот брег и секаде бевме одлично примени, од Словенија до Улцињ, со непрекинати турнеи од по три месеци.

## Од 15.000 концерти, повеќе од 2.000 беа хуманитарни

**Интересот за Вас и Вашата музика не престанува.**

Сега повеќе патувам надвор од нашата земја. Пред малку се вратив од една голема турнеја низ САД, каде има многу наши иселеници. Пред тоа бев на турнеја по Холандија и Белгија каде што имавме одличен прием. Досега одржав повеќе од 15.000 концерти од кои повеќе од 2.000 беа хуманитарни.

**Да се вратиме назад во Сплит. Како се чувствувавте овде вечерва?**

Едноставно речено, како дома. Во Сплит, како што сигурно знаете, постои македонско културно друштво „Македонија", чии членови вечерва ја направија атмосферата уште поубава. Заедно со сите Сплиќани и Сплиќанки, пееја и играа во ритмот на македонската и ромската музика. Тие ја чуваат македонската музика и македонската традиција на најдобар можен начин. И вечерва се потврди податокот дека публиката не мора да го познава ни македонскиот ни ромскиот јазик, меѓутоа ритмот и убавината на народниот мелос, ги препознаваат сите. Досега



настапував на сите континенти, но ми остана само гостувањето во Кина за крајот на годинава. Настапував и во Азија, Африка, Северна и Јужна Америка. Имам настапувано во 128 држави и по тоа сум единствен уметник во светот кој има настапувано во најмногу држави во светот што е забележано и во Гинисовата книга на рекорди во Америка. Настапував и во Јапонија и во Јужна Африка, каде што нема ни трага од Македонците. Но сепак и таму бев одлично примена од локалната публика.



**Сепак, која турнеја Ви остана најмногу во сеќавање?**

Мора посебно да ги истакнам своите две турнеи во Индија во 1976 и 1983 година кога бев примена и од премиерката на Индија, Индира Ганди. Во 1976 година во Индија бев прогласена за Кралица на ромската музика за цел свет. Тоа е титула на која посебно се гордеам сите овие години, бидејќи беше заслужена во конкуренција на пејачи на ромската музика од 23 држави во светот.

## Со 47 деца и 128 внуци најсреќна баба на светот

**Дали во некој од помладите пејачи го гледате својот наследник или наследничка?**

За жал, морам да констатирам дека тешко ќе се појави некој сличен во поскоро време. Еден од основните проблеми е што помладите не го познаваат во добра мера ромскиот јазик. Јас кога пеам на ромски, го користам само ромскиот јазик. Нема примеси на македонски или кој било друг јазик. Сите мои деца го зборуваат ромскиот јазик, меѓутоа за пеење е потребно и еден чекор повеќе.



**Ги спомнавте и Вашите деца. Колкав е нивниот број и како го постигнувате сето тоа?**

Јас и мојот Стево не можевме да имаме свои деца. Меѓутоа, тоа не ни беше проблем да водиме грижа за едно големо семејство во кое успеавме да воспитаме 47 деца, сите ги изведовме на прав пат, сите се со завршени факултети и музички академии, среќно оженети и омажени и со еден голем број од 128 внуци се чувствувам како најсреќна баба на светот. Сепак, не беше лесно да се готви секој ден во големи казани како за војска, но сите среќно си го најдоа својот пат во животот.

**Краток осврт на Вашето мислење за хрватската музика. Што Ви се допаѓа, кои пејачи ги преферирате?**

За мене вистински претставници на хрватската музика се од старата гарда: Тереза, Мишо и Оливер. Далматинскиот мелос ми е најмил, бидејќи ме потсетува на светски познатите италијански канцони, но во последно време ме привлекува и далматинската клапска песна како еден традиционален музички израз.

Биљана Митревски

# Орден св. Климент Охридски за градоначалникот Милан Бандиќ

*МПЦ-ОА го одликува Милан Бандиќ, градоначалник на Град Загреб, со Орден на св. Климент Охридски од прв ред, за неговото несебично залагање за изградба на храм на Македонската православна црква во Загреб, Република Хрватска*



Светиот архијерејски синод на МПЦ-ОА одлуката ја донесе на 15 ноември 2016 г. по писмената препорака од парохискиот свештеник, протојереј Кирко Велински, заедно со ЦО на МПЦО *Св. Злата Мегленска* и предлогот на Неговото Високопреосвештенство Митрополитот Европски г. Пимен, согласно Уставот на Македонската православна црква – Охридска архиепископија.

По повод црковно-државниот празник на 7 декември 2016 година, во македонскиот театар во Скопје се одржа свечена академија на која присуствуваше претседателот на државата, Ѓорге Иванов, поглаварот на Македонската православна црква – Охридска архиепископија, неговото блаженство Архиепископот Охридски и Македонски г.г. Стефан, со членовите на Светиот архиерејски синод, министри, претставници на дипломатскиот кор и истакнати и уважени гости. Во таа пригода на загрепскиот градоначалник Милан Бандиќ му беше врачено највисокото одликување на МПЦ-ОА, Орден на Свети Климент Охридски од прв ред. Ова е 25. орден во изминатите 50 години, кои МПЦ-ОА ги доделила на институции и заслужни поединци, и прв во Европа.

- Со гордост го примам Орденот Свети Климент Охридски и ви благодарам од сè срце на исклучителната чест која ми ја укажавте. Свети Климент Охридски длабоко е впишан во историјата на македонскиот народ. Бил ученик на Светите браќа Кирил и Методиј, словенски апостоли кои со своето делување ги поврзале нашите словенски народи и оставиле големо влијание врз развојот на културата и христијанството и во Хрватска. Особено сум почестен што оваа одличје го примам во јубилејната година 1100 годишнината од упокојувањето на Св. Климент Охридски, истакна меѓу другото градоначалникот Бандиќ.

## Да исчезнат омразата и злото...

Тој ги посочи многубројните врски помеѓу хрватскиот и македонскиот народ. „Македонците во Хрватска се мост помеѓу нашите земји и култури. Затоа ми беше чест што можев да дадам придонес во остварувањето на долгогодишниот сон на Македонците во Загреб и Светата Македонска Црква, а тоа е изградба на храмот. Тоа е божји дом – храм на Севишниот, храм за нас и за сите – како што неодамна во Загреб рече Неговото Блаженство Архиепископот Охридски и Македонски г.г. Стефан. Уверен сум дека собрани околу ова ново здание во хрватската метропола, но и во цела Хрватска, уште повеќе предано ќе го славиме Бога, ќе ја шириме македонската култура во Загреб и заедно ќе придонесуваме кон љубов, разбирање,



солидарност и заедништво – на кои нè повикува Исус Христос, нашиот заеднички учител и пастир“, додаде Бандиќ.

Цитирајќи го големиот македонски музичар, Тоше Проески: „да имам голема моќ, бар на кратко би направил да исчезнат омразата и злото, а луѓето меѓу себе да ја делат љубовта“, Бандиќ натаму посочи дека можеби немаме толкава моќ, но имаме сили да бидеме повеќе луѓе едни спрема други, и да шириме добро преку сопственото послание и секојдневните обврски.

„А тоа е најсигурниот пат да го менуваме светот. Особено сум почестен што сум денес со Вас и во градот на мајка Тереза, која од неодамна е прогласена за света. Таа на посебен начин ги поврзува Скопје и Загреб со целиот свет, поврзувајќи ги со љубов и добрина. Да бидеме нејзини наследници во тој дух, да покажеме со сопствен пример дека сме достојни да се нарекуваме христијани и да отвориме нова страница во меѓусебните односи и почитување! Вратата на Загреб секогаш ќе ви биде отворена, а мојот кабинет на располагање. Уверен сум дека задачата на секој политичар е да служи, не да владее, да биде прв меѓу еднаквите и слуга на сите“, заврши Бандиќ.

Во рамките на службената посета на Скопје, загрепскиот градоначалник се сретна со градоначалникот на Скопје, Коце Трајановски, кој во кратка прошетка му го покажа центарот на главниот град на Македонија.

Протојереј Кирко Велински



# Македонска културна есен со нови проекти – работилници



Веќе седма година по ред последниот квартал од работата на Македонското културно друштво „Македонија“ го одбележуваше една манифестација која ја нарековме „Македонска културна есен“. За разлика од минатите години каде што се отвораа изложби, оваа година се одржаа само неколку предавања, но акцентот на останатите активности во оваа културна есен беше ставен на еден друг момент. Тоа беше претставување на дел од традицијата на македонскиот народ низ работилници на кои се претставуваа македонските традиционални јадења, македонските изработки на новогодишни украси и на една посебно значајна работилница за изработка на детски украси за најмладите членови на нашето Друштво.

Веќе со самата најава на овие работилници, тие го привлекоа вниманието на поширока сплитска јавност. Првите прашања беа: дали сами носиме продукти за самото готвење, дали сами носиме материјали за изработка на украси и сл. Кога добија одговор дека сè е бесплатно, никој од нив не ја криеше својата радост. Очекувајќи навистина голем број на посетители, организаторот МКД „Македонија“ набави поголем број на продукти за македонско „Тавче гравче“, па се случи да остане една цела голема тепсија и по конзумирањето на сите присутни. Веднаш се донесе одлука што ќе се прави со вишокот: правец во Домот за бездомниците кои навистина се израдуваа на овие неочекувани специјалитети. Секој петок се редеа подготовки на пастрмајлии, селско месо и тава ориз под водство на нашиот Јорго Кремиќ.

Другиот дел се состоеше од две работилници и тоа во вторник за возрасните под водство на Биљана Митревски се изработуваа секакви новогодишни украси кои потоа послужија за хуманитарна помош на нашата Андреа и нејзиното синче и другата работилница која се одржуваше секоја сабота попладне, а на која најмалите под водство на Лидија Ненадиќ и Бојана Боцевска изработуваа секакви украси и се воодушевуваа дека и нивните мали рачиња можат да направат нешто ново и навистина добро.

Биљана Митревски



## РАЦИНОВ ДЕН – БЕЛИ МУГРИ





# Времето одминува, судбината се повторува

*Рацин е нашата бела мугра, прекрасна светлина која и нас овде во Хрватска нѐ грее и за секогаш ќе го осветлува нашиот пат*

Во организација на Заедницата на Македонците во Република Хрватска и МКД „Охридски бисер“ од Загреб, на 26 ноември 2016 година во Самобор одбележан е традиционалниот „Рацинов ден – Бели мугри“. Покровители на манифестацијата се Советот за националните малцинства на Република Хрватска и Самоборскиот музеј.

Со овој настан се одбележа 77-годишнината од печатењето на збирката поезија „Бели мугри“ од Кочо Рацин, која е едно од најзначајните поетски дела во современата македонска литература. Имено, „Бели мугри“ е отпечатена на 25 ноември во 1939 година токму тука во Самобор, во печатницата на Драгутин Шпулер во 4.000 примероци.

Во чест на овој голем поет и револуционер, пред споменикот на Кочо Рацин, кој се наоѓа во паркот на Самоборскиот музеј, и оваа година се собраа голем број Македонци, при што му оддадоа почит со полагање на пригодни цветни венци.

Потоа, манифестацијата продолжи во салата на Самоборскиот музеј, каде што се одржа свечена програма посветена на Кочо Рачин. Присутните ги поздрави директорот на Самоборскиот музеј, Мирослав Милоњиќ, потпретседателот на МКД „Охридски бисер“, Цветко Поповски, претседателот на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб, Томе Апостолоски, почесниот претседател на Заедницата на Македонците во РХ, Никола Гроздановски, и претставничката на градоначалникот на Град Загреб, Костадинка Велковска.

Во име на Град Самобор гостите беа пречекани од страна на претседателката на Управниот совет на музејот и градската советничка, Ирена Капор, и претседателот на Градскиот совет на Град Самобор, Бранимир Шиљак, којшто со зборовите за добредојде ги истакна пријателските односи меѓу двете држави.

### Горди сме што те имаме

Програмата ја водеше Ивана Лазаревска. За животот и делото на Кочо Рацин, основоположникот на современата македонска поезија, говореше поетот и писател, романсиер, есеист, преведувач и историчар на книжевноста, проф. д-р Васил Тоциновски, потсетувајќи дека во стиховите на Рацин се препознава посебноста на македонскиот народ. Горан Коров, професор по историја, потоа одржа кратко предавање на тема „Македонците во Шпанската граѓанска војна“, интерпретирајќи ја песната на Рацин „Смртта на астурискиот рудар“.











Во продолжение на програмата, пејачката група „Моми бисерни“ при МКД „Охридски бисер“, предводена од Ѓулијана Алимоски, исполни неколку македонски народни песни. Манифестацијата беше збогатена со дописки и рецитали на стиховите од Кочо Рацин, коишто ги интерпретираа членовите на литературно-драмската секција и работилницата по македонски јазик за возрасни, кои делуваат во рамките на Друштвото. Настанот заврши со пригоден коктел и дружење на присутните.

И така, заврши уште една година и уште едно одбележување. Напротив. Времето одминува, судбината се повторува. И колку повеќе одминува, толку повеќе расте таа, песната. Да беше Рацин денес жив, сигурно ќе го одбележеше ова книжевно столетие, зашто неговата поетската реч е актуелна и денес, прекрасна и потресна во својата уметничка форма, единствена и ненадмината. Рацин е една од најсветлите точки на нашето книжевно небо, трудбеник и мислител. Неговото име е голема почит за нас која значи и зрачи. Горди сме што го имаме, ќе го носиме вечно во нашите срца, генерации и поколенија ќе ги рецитираат неговите песни, зашто тој е нашата бела мугра, нашиот изгрев и надеж – прекрасна светлина која и нас овде во Хрватска нè грее и за секогаш ќе го осветлува нашиот пат, како спомен, како аманет, но и како долг кон неговиот недосонуван сон, кон неговиот светол лик и грандиозно дело.

Елизабета Петровска







# „Детска радост“ во Риека

Како последен, но не и најмалку важен настан од „Деновите на Македонската култура“ во Риека беше вечерта посветена на најмладите и најмили членови на МКД „Илинден“ од Риека, т.н. „Детска радост“ одржана на 16 декември 2016 г. Голем број дечиња им се израдуваа на новогодишните пакетчиња и на присуството на Дедо Мраз, изненадувања што специјално за нив ги подготвија повозрасните членови на Друштвото. Оваа година радоста беше уште поголема бидејќи програмата ја збогати и присуството на дечињата од риечката градинка „Пчелица“, со која „Илинден“ има одлична соработка. Заедно со својата воспитувачка пет дечиња дојдоа да си го земат своето пакетче, но и да изрецитираат по две новогодишни песнички, меѓу кои и една на македонски јазик, што особено ги воодушеви присутните, кои ги наградија малечките гости со громогласен аплауз. Свој настап имаа и основците што ја следат дополнителната настава по македонски јазик во ОУ „Центар“ кај учителката Наталија Лековска. За оваа пригода тие подготвија своја претстава во духот на новогодишните и божиќни празници, а седмоодделенка Леона Шалевска ја испеа и најубавата божиќна песна „Тивка ноќ“ на македонски јазик.

Со овој настан МКД „Илинден“ од Риека ја спушти завесата за 2016 година, која е веќе зад нас, им посака среќни новогодишни и божиќни празници на сите свои членови, со желба за уште поплодна 2017 година за Друштвото што веќе дваесет и пет години ги сплотува Македонците далеку од својата татковина.

А. А.

# Уметнички синергии – творештво на македонски уметници во Хрватска

*Манифестацијата „Творештво на македонски уметници во Хрватска“ која се одржува традиционално во Научната библиотека Задар и која ја карактеризира голема посетеност, се одржа пред крајот на 2016 година, на 12 декември, со изложбата „Уметнички синергии“*





Организатор на настанот беше МКД „Билјана“ во соработка со Заедницата на Македонците во РХ, а под покровителство на Советот за националните малцинства на РХ. За оваа пригода МКД „Билјана“ ја спои својата креативна сила со онаа на здружението Арт Форум Задар кое го промовира ликовното творештво со цел да го доближи кон пошироката јавност. Дел од настанот беше секако и Хрватско книжевно друштво – огранок Задар.

Настанот беше замислен како спој на различни уметности во кој главна улога имаа ликовните уметнички дела и поезијата. Манифестацијата ја отвори Мирјана Мајиќ, претседателка на МКД „Билјана“, која им се заблагодари на присутните кои дојдоа во голем број, на соработката со Арт Форум Задар која претставува вистинско освежување за МКД „Билјана“, на ХКД – огранок Задар кои како претставници од Градот и Задарската жупанија го посетија настанот, како и на претставниците на останатите национални малцинства. Веднаш потоа присутните ги поздрави жупанот Стипе Зрилиќ, кој потенцираше дека му е огромно задоволство што е дел од овој настан, и службено и приватно, со оглед на тоа дека во слободно време се бави со уметност и е дел од Арт Форум Задар, а меѓу изложените слики можеа да се видат и негови дела. Тој истакна дека се работи за одлична соработка и оригинална идеја помеѓу двете здруженија кои промовираат култура и уметност. Им се заблагодари за тоа што ја збогатуваат културната програма на Градот Задар и потенцираше дека Задарската жупанија секогаш ќе ги поддржува ваквите проекти. Посебен поздрав до присутните упати и Никола Шимиќ-Тонин, претседател на ХКД Задар, кој зборуваше за поезијата како дел од уметноста. За крај на гостите им се обрати професор Борис Жужа од Арт Форум Задар кој кажа дека е исклучително задоволен од соработката со МКД „Билјана“ и воопшто од самата идеја заедно да организираат ваков настан. Тој кажа неколку збора за самата изложба во која 25 автори ги претставија своите дела изведени во различни техники и со различни мотиви. Истакна дека се работи за уметничка синергија претставена на еден мултикултурен и мултимедијален настан. Посебен акцент се стави на уметноста како медиум на истражување на естетската геометрија.

Програмата ја збогати музичко-инструменталната секција на МКД „Билјана“, како и поетите од НКД Задар меѓу кои свои кратки поезии прочитаа Жаклина Кутија, Томислав Мештриќ, Анте Грегов Јурин, Анте Шаруниќ, Никола Шимиќ-Тонин, Андреа Малта и други.

По завршувањето на воведниот дел, присутните имаа можност да ги погледнат изложените дела, а потоа и да уживаат во закуската подготвена од МКД „Билјана“.

Настанот беше проследен од голем број на медиуми.

Елена Кипровска Кнежиќ

# МКД „Илинден“ повторно ги обедини Македонците

*Во Риека ноември е месец во кој МКД „Илинден“ ја реализира својата идеја за сплотување на Македонците на територијата на Приморско-горанската жупанија преку традиционалната Македонска вечер*



Во саботата на 26 ноември на едно место, во конгресната сала на хотелот „Небодер“, се собраа најголем дел од активните членови на македонското културно друштво од Риека, но и голем број Македонци, Македонци од мешан брак и Хрвати со македонско потекло.

Вечерта започна со настап на хорот при МКД „Илинден“, кој, како и во секоја друга пригода, почетокот на забавата го најави со заштитната песна на Друштвото, а потоа продолжи со уште неколку стари македонски нумери како загревање за она што следуваше. По неговиот настап воведен говор и поздрав до присутните упати еден од најстарите членови на „Илинден“, Михајло Давчевски, поради отсуство на претседателот на Заедницата на Македонците во РХ, Илија Христодулов, кој не беше присутен на вечерата од здравствени причини.

Музичкиот дел од програмата продолжи во ритамот на старата македонска песна изведена од членовите на бендот „Балканика“ од Крањ, Р. Словенија, кои, како и минатата година, и оваа придонесоа кон одличната забава на Македонците од Риека. Се изиграа сите македонски ора, се испеаја најголемите македонски евергрини и сите присутни уживаа во вкусната вечера приготвена од готвачите на хотелот „Небодер“.

Секако, највозбудливиот дел од вечерата и оваа година беше веќе добро познатата лотарија, на која се доделуваат многу вредни награди за најсреќните, меѓу кои и главната – авионска карта на релација Загреб-Скопје-Загреб, која оваа година отиде во рацете на Звонко Таневски, редовен член на македонското друштво „Илинден“. Оваа година организаторите не го заборавија ниту големиот јубилеј на ова Друштво, но и на целата заедница на Македонците во Република Хрватска – 25 години од нивното постоење. За таа цел, тие имаа и мало изненадување за присутните – торта која го слави големиот јубилеј, но и мисијата која ја има „Илинден“ за сплотување на Македонците на овие простори, како и за славење на македонската култура надвор од нејзините граници.

Забавата траеше до доцна во ноќта, а со настанот уште еднаш се докажа дека убавата македонска песна има моќ да ги собере на едно место сите Македонци кои својата среќа ја побарале во приморскиот дел на Република Хрватска, без разлика дали се познаваат меѓусебно или не, и без разлика дали се членови на „Илинден“ или не.

Ана Азеска



# Бројни активности за Деновите на македонската култура

*Традиционалните „Денови на македонската култура“ во Риека (19.11-17.12.2016 г.), организирани од МКД „Илинден“, и оваа година го означија одбројувањето на последните шест недели од 2016 година. Одбројувањето започна со уште една одлична соработка меѓу македонското културно друштво и Хрватското книжевно друштво, огранок Риека, а продолжи во знакот на Денот за борба против насилството врз жената, преку македонската етно-изложба и гастрономија, македонската песна и филм и заврши во знакот на најмладите*



*Пријатели на книгата*



*Против насилство врз жената*

**19.11.2016** – Ноемвриската саботна вечер беше резервирана за повторно дружење на љубителите на пишаниот збор преку настанот што е дел од риечката манифестација „Денови на пријателите на книгата“. На едно место се собраа голем дел од членовите на Хрватското книжевно друштво, но и на МКД „Илинден“ за да ги претстават своите најнови творби пред бројната публика. Меѓу присутните се најдоа и специјалните гости од Македонија, Петко Шипинкаровски, кој е по втор пат дел од оваа манифестација, како и поетесата Виолета Сековска. Со своето присуство нè почести и советникот при Амбасадата на РМ во РХ, Мачеј Качоровски. Водител на манифестацијата беше поранешниот лектор по македонски јазик на Филозофскиот факултет во Риека, Васил Тоциновски, кој допатува специјално од Македонија за и оваа година да биде дел од „Деновите на македонската култура“ во Риека. Програмата, секако, беше збогатена и со настап на членовите на хорот при МКД „Илинден“.

**24.11.2016** – Оваа година во програмата „Денови на македонската култура“ беше вклучена и манифестација која го слави еден од најголемите општествени проблеми на 21. век – насилството врз жената. По тој повод, во просториите на МКД „Илинден“ од Риека риечките поети и нивните гости со песна го прославија овој значаен меѓународен ден. Со тоа се покажа дека во „Деновите на македонската култура“, покрај македонските обичаи и традиции, има место и за теми што се однесуваат на целокупното општествено живеење.

## Гастрономија и етно изложба

**3.12.2016** – Кога ќе се спомене македонската традиција, првата асоцијација е секако храната, односно македонската кујна. Токму затоа, неизбежен дел од „Деновите на македонската култура“ е вечерта посветена на македонската гастрономија и етно изложбата. Како и претходните години, вештите раце на македонските жени од овој дел на Република Хрватска ги приготвија највкусните македонски специјалитети, во кои уживаа не само членовите на „Илинден“ туку и голем број пријатели Хрвати на македонското културно друштво, а за прв пат оваа година и студентите од Филозофскиот факултет во Риека кои како изборен го одбрале предметот Македонска култура и цивилизација. На богатата трпеза можеа да се вкусат надалеку прочуените тавче-гравче, сарма, полнети пиперки, шопска салата, ајвар, туршија, погача, пита, како и голем број слатки специјалитети меѓу кои, секако, баклавата, тулумбата и разните колачи. Етно изложбата, пак, ги вклучи рачните изработки на милеата за маса, кои се неизбежен детаљ за совршена декорација во речиси секој македонски дом, исто така изработени од вештите раце на Македонките во Риека. Свој музички придонес во оваа вечер, покрај хорот при МКД „Илинден“ од Риека, дадоа и специјалните гости, хорот при Српското културно друштво „Просвета“, пододбор Вишково, како и хорот при Заедницата на Ита-



Македонска гастрономија



Вечер на македонска песна

лијанците од Каштелир, Истра, „Нигригнанум“.

**10.12.2016** – Една недела по одличната вечер посветена на македонската гастрономија и етно изложбата, акцентот се стави на убавата македонска песна. Главни актери таа вечер беа хористите од риечкото друштво, кои за оваа пригода имаа подготвено по една песна со која се претставија пред присутните. Доминираа народните македонски мелодии, но некои од хористите, особено оние од помладата генерација, се одлучија за изведба на забавни мелодии, меѓу кои „Мојот свет“ од Каролина Гочева и „Скопје-Белград“ од Жељко Јоксимовиќ и Даниел Кајмакоски. Вечерта беше отворена и затворена со заедничка изведба на хористите, односно со песните „Илинденска“, со која, всушност, хорот при МКД „Илинден“ го отвора секој свој настап и „За многу години, Македонци“, со која, сосем пригодно, македонското риечко културно друштво им ги честита новогодишните и божиќни празници на сите присутни Македонци.

## Македонски филм

**12.12.2016 г.** – Седмата уметност, филмот, е секоја година присутна на репертоарот на Деновите на македонската култура во Риека, па и оваа година МКД „Илинден“ не го заобиколи овој настан. Овој пат се вративме во деведесеттите години на минатиот век, односно во 1994 година кога Македонија го доби својот најнаградуван и светски признат, кандидат за оскар, „Пред дождот“ од најплодниот македонски режисер Милчо Манчевски. Токму овој филм, покрај мал дел од членовите на „Илинден“, имаа можност да го погледнат истите оние студенти што беа присутни на вечерта на македонската гастрономија и етно изложбата од Филозофскиот факултет во Риека, кои го слушаат предметот Македонска култура и цивилизација и на кои македонскиот филм им е една од многуте теми на предавањата. Пред прикажувањето на филмот присутните ги поздрави нивната професорка, лекторката за македонски јазик на Филозофскиот факултет во Риека, Ана Азеска, која се наврати на почетоците на македонската кинематографија и на сите позначајни имиња во неа, кои придонеле за голем број успешни проекти на полето на филмот. Со присуството на студентите и на лекторката уште еднаш се потврди одличната соработка меѓу МКД „Илинден“ и лекторатот за македонски јазик при Филозофскиот факултет во Риека.

Ана Азеска



Проекција на филмот „Пред дождот“

DERATIZACIJA · DEZINFEKCIJA · DEZINSEKCIJA
ICC 3D d.o.o.
ICC 3D d.o.o.
DEZINFEKCIJA • DEZINSEKCIJA • DERATIZACIJA
Radnička cesta 75 • 10000 Zagreb
tel.: 01/60 40 100 • fax: 01/60 40 103
mob: 091/5251 141
e-mail: icc-3d@icc.hr
Razlika koja se vidi.
Savršeno je moguće.

# Загреб е голем почитувач на мултикултурализмот и мултиетничноста



Прекрасна музичка програма е она по што гостите ќе ја паметат прославата на *Денот на Координацијата на советите и претставниците на националните малцинства за Град Загреб* која се одржа на 4 декември во малата сала на КД „Ватрослав Лисински“ во Загреб. На настанот се собраа голем број претставници на националните малцинства, а некои од нив и учествуваа во богатата културно-уметничка програма организирана од страна на Координацијата.

На присутните им се обрати претседателот на Координацијата, Душан Мишковиќ, кој нагласи дека со оваа прослава се одбележува и *Меѓународниот ден на човековите права*. Претседателот на Советот за националните малцинства на РХ, Александар Толнауер, се заблагодари за досегашната добра соработка со укажување на проблемите и нивното конструктивно решавање. Градоначалникот на Град Загреб, Милан Бандиќ, изрази задоволство што Загреб е голем почитувач на мултикултурализмот и мултиетничноста.

Во музичкиот дел од програмата, која ја водеше Кармела Вуков Цолиќ, учествуваа неколку малцинства со свои национални песни и музика. Бошњаците се претставија со женскиот хор „Булбули“, Словенците со академските музичари Горан Горше и Бериислав Церински, Албанците со групата „Шкендија“, Унгарците со пијанистката Луција Башиќ, а Евреите со составот „Јевсерс клезмер“. Најмногу аплаузи од бројната публика добија најмладите – хорот од ОУ „Љубљаница“ и учениците од наставата на мајчин јазик по моделот Ц, кои се претставија со рецитали и со заедничка изведба на песната „За тебе граде мој“.

Е. П.

# Благодарници за „Призма“, Леонарда Лујиќ и Тони Хнојчик

На 13 декември 2016 година во градската палата Дверце се одржа втора средба на претставниците на националните малцинства на Град Загреб со медиумите. Заблагодарувајќи се за заедништвото и толеранција која градот и малцинствата ја демонстрираат во секојдневниот живот, градоначалникот Милан Бандиќ ги поздрави присутните, додавајќи дека Загреб може да им биде пример на европските и светските метрополи. Добредојде им посака и претседателот на Координацијата на советите и



претставниците на националните малцинства за Град Загреб, Душан Мишковиќ.

Во рамките на средбата беа врачени благодарници за медиумското следење на работата и активностите на малцинствата во Загреб, на емисијата „Призма“ од ХРТ, на новинарката Леонарда Лујиќ од ТВ „Јабука“ и на фотографот Тони Хнојчик од порталот „Национални малцинства ХР“. Посебна благодарница му беше врачена на Жељко Заниновиќ за долгогодишна работа во Градската управа.

Од Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб на средбата беа присутни потпретседателката Лилјана Грујоска и секретарката Марика Абрамовиќ.

Е. П.

# Во посета на Блед и Радовљица



Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб за своите членови на 10 декември 2016 година организираше студиско патување на Блед, бисерот на словенечките Алпи. Патувањето опфати обиколка и возење со традиционално бротче по Бледското езеро опкружено со високите планински масиви, посета на дворецот и црквата „Св. Марија“ од 18. век, како и на тврдината „Бледски град“, од каде восхитува погледот на езерото и околината.

Еднодневниот престој во соседната Словенија беше заокружен со посетата на Радовљица, со разгледување на архитектурата од 15. и 16. век, уметничките галерии и природните убавини на ова симпатично историско гратче. Преостанатото слободно време се искористи за прошетка и посета на Божиќниот саем, каде членовите на Советот можеа да си купат разни сувенири и подароци, и да се окрепат со вкусни медени слатки и греено вино.

Е. П.

# Новогодишни радости



*ОУ „Аугуст Харамбашиќ“*



*ОУ „Никола Тесла“*



*Прва гимназија во Загреб*

Во пресрет на божиќните и новогодишните празници, традиционално како и секоја година, од страна на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб, на учениците кои ја посетуваат изборната настава по македонски јазик и култура по моделот Ц во Загреб, им беа доделени новогодишни пакетчиња.

На 2 декември 2016 година членовите на претседателството на Советот со подароци, слатки и книгата *Силјан штркот*, ги изненадија и развеселија учениците од ОУ „Аугуст Харамбашиќ“, а ден подоцна, на 3 декември, ги даруваа и учениците од ОУ „Никола Тесла“. Потпретседателката Лилјана Грујоска ги поздрави активностите на учениците, на родителите и на нивната наставничка Деспина Белчовска Велинска. Притоа, учениците ја изведоа песната „За сите деца“ и на пригоден начин си посакаа среќни празници и многу успех во понатамошното учење.

Средношколците од Првата гимназија во Загреб, на 17 декември Советот ги даруваше со чоколади и со книгата кратки фолклорни жанрови од македонското народно творештво *Убавиот збор и железна врата отвора* приредена од членката на Советот, Елизабета Петровска, која исто така присуствуваше на средбата, па учениците веднаш можеа да добијат и потпишана посвета на својот примерок. Претседателот Томе Апостолоски на учениците и на нивната наставничка Тинка Барбутов Крстева им посака искрени пријатни желби во годината што доаѓа.

Е. П.

# Ем „мерак“, ем „ужитак“





Ем „мерак“, ем „ужитак“ е слоганот кој со право го носи ресторанот „Македонски мерак“ во Загреб, каде Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб на 17 декември 2016 година организираше новогодишна прослава за своите членови. Со оригинални македонски специјалитети и квалитетни автохтони пијалаци, во весела и разиграна атмосфера што ја создаваше „Мерак бенд“ низ звуците на најпознатите македонски песни, членовите ја испратија старата година, дружејќи се, наздравувајќи и посакувајќи си позитивна, уште поуспешна и поплодна нова 2017 година.

Е. П.

# Femininologija

*Изложбата е дел од проектот „Жена“, кој во 2014 година го покрена Хрватското здружение на ликовни уметници и ликовни критичари*



Во организација на ХУЛУЛК, на 13 октомври 2016 година во Музејот на Пригорје во Сесвете се отвори изложба под назив *Феминологија*. Авторката на концептот, Санда Станаќев Бајзек, со изложбата ги претставува жените, визуелни уметнички чие творештво во целина или во сегменти го уважува нивниот повеќеслоен идентитет, бројните стереотипи и архетипови на женственоста, обидувајќи се да проникне во битието на жената и да продолжи низ уметноста во потрага по нејзината вистинска улога и значење во општеството во кое живееме.

Претставените авторки се исклучителни уметнички личности на хрватскиот современ ликовен корпус, кои во рамките на визуелното изразување во кое творат постигнале врвни уметнички достигнувања, станале препознатливи и посебни. Тоа се Гордана Бакиќ, Мерцедес Братош, Ивона Јуриќ Кљајо и Корањка Ковач. Изложбата беше збогатена и со дела на три врвни македонски уметнички, Јана Манева-Чупоска, Наташа Милованчев и Гордана Вренцоска. Тие минатата година претставија дела со сродна тематика на изложбата *Фемина 8* во Скопје, во организација на Друштвото на ликовни уметници на Македонија.

Изложбата можеше да се погледа до 3 ноември. Во соработка со ХУЛУЛК и ДЛУМ се очекува истата да се претстави и во Македонија.

Е. П.

# Виртуозот Стефановски на Фестивал во Загреб




На 3 октомври 2016 година во кино-салата на загрепскиот Студентски центар, во рамките на финалната вечер на 8. издание на престижниот Фестивал на коморна музика „*Musica Maxima*“, како специјален гостин настапи најголемиот македонски виртуоз на гитара, Влатко Стефановски. Стефановски настапи како солист во соработка со Загрепскиот коморен оркестар, воден под палката на уште еден музички виртуоз, рускиот виолинист и диригент, Максим Федотов.

На репертоарот се најдоа дела од изворната македонска музика, со која Стефановски владее како еден од најбрилијантните интерпретатори на светот. Публиката со долги аплаузи ја награди бравурозната изведба на Стефановски. Навистина е посебна комбинација кога овој врвен виртуоз изведува музика со која е интимно поврзан и несомнено е одличен финиш за затворање на еден ваков престижен фестивал на кој учествуваат најдобрите светски коморни музичари.

Е. П.

# ПАТЕМ365 2015/2016



На 18 ноември 2016 година во Галеријата АЖ – Ателиери Житњак во Загреб беше отворена изложбата под назив „ПАТЕМ365 2015/2016“. ПАТЕМ365 – Друштво со ограничена одговорност е партиципативен проект на променлива група автори од различни уметнички области, а се одржува на специфични локации во Македонија и пошироко, со посредство на просторни, *site specific* уметнички интервенции.

Освен иницијаторите на проектот, Весна Дунимаглоска, Ѓорѓи Крстески и Станко Павлески, учествуваа и авторите Христиан Петковиќ, Ирена Паскали, Александра Петрушевска, Иванка Апостолова, Иванчо Талевски, Стојан Павлески, Ана Петровиќ, Владимир Фрелих, Дамјан Џуров и Златица Илин. Изложбата „ПАТЕМ365 2015/2016“ се состои од избор на документарни видеа од проектнастаните, авторски видео дела, акции, перформанси, инсталации, фото инсталации, звучна инсталација, скулптура, цртежи, фото-цртежи и авторски расказ во контекст на визуелното. Истите беа реализирани на следните локации во Македонија: Коњско – Преспанското Езеро (август/2015), Големо езеро – Пелистер (февруари/2016), пештера Алилица – Тресонче (јули/2016) и речен слив Сифулајки – Гевгелија (август/2016).

Е. П.

# Денови на Кочо Рацин во Истра

*Деновите на Кочо Рацин во Истра, МКД „Св. Кирил и Методиј“ од Пула традиционално ги одржа на 9 декември 2016 г. во просториите на Друштвото*





Вечерта беше свечено отворена со македонски песни на хорот и оркестарот на Друштвото под водство на професорката Бисерка Кухта. Присутните ги поздрави претседателот на Друштвото, Тодор Брдарски, кој ја отвори манифестацијата. За животот и делот на Кочо Рацин зборуваше Милена Златеска, која прочита и неколку негови песни од збирката Бели мугри печатена во Самобор.

Присутните членови на Друштвото, гости и пријатели ги заинтересира изложбата на книгите од автори кои пишуваат на својот мајчин јазик: Елизабета Петровска, Мирјана Маиќ, Милена Златеска, д-р Васил Тоциновски, универзитетски професор, и други.

Оваа вечер на поезија продолжи со читање на песни на повеќе дијалекти. Драго Драгузет покрај тоа што се престави со свои песни на барбанско чакавски, не ја изостави и истарската музика, како и Авелина Дамијањевиќ Ковачиќ, која се престави со своја посебна поезија на цекавица или цреског гербина. Разновидноста на дијалекти или на старохрватски јазици, како и македонски, ги воодушеви присутните. Покрај нивната поезија се слушна и истарскиот мелос со песна и игра. Настанот посебно го увеличи членката на Друштвото од Пула, Недељка Стојкоски, која засвири на усна хармоника.

Гости на вечерта беа многубројните членови на хорот „Златне године“ при Градското здружение Матица на пензионерите од Пула, кои ја разубавија вечерта со неколку нивни песни и игри, како и поезијата на Агнеса Вале, која беше изненадување на вечерта, бидејќи во своите 92 години, не само што пишува, туку црта и изработува честитки. Посебна благодарност и честитки беа упатени од страна на нивниот претседател Невенко Гржиниќ до нашето Друштво.

Поетската ноќ беше заокружена со носталгичните песни на нашиот мајчин јазик од поетесата Милена Златеска, потпретседателка на Друштвото. Вечерта заврши со размена на подароци, со песна и оро, и секако неизбежната „Калеш бре Анѓо“ од претседателот на МКД „Св. Кирил и Методиј“, Тодор Брдарски во придружба на виолината на Сречко Савретиќ. Песната, орото и поезијата немаа крај во ноќта на поезија, во чест на Кочо Рацин. Програмата е финансирана од средства на Советот за националните малцинства во Р. Хрватска преку Заедницата на Македонците во Р. Хрватска, Истарска жупанија, Град Пула и донации на Друштвото.

Михаела Златеска



# Денови на глаголицата во Истра

*Македонското културно друштво на Истарска жупанија „Св. Кирил и Методиј“ од Пула во организација и заедничка програма со Заедницата на Македонците во Р. Хрватска традиционално и оваа година на 20 ноември се потсети на патот на глаголашите во Истра, а и други места кои ги посетувале светите браќа Кирил и Методиј*





*Деновите на глаголицата* беа започнати со посета на Саемот на маслиново масло во Водњан. Членовите на Друштвото и гостите веќе неколку години во рамки на *Деновите на глаголицата* го посетуваат саемот, а годинава беа присутни и стопанственици од Р. Македонија. Веќе неколку години Друштвото делува во насока на спојување на Истра и Р. Македонија, размена на мислења и взаемен успех во стопанството, што е всушност и нивната цел, а полека се гледаат успесите.

Програмата продолжи во конобата *Крцуле* крај Жмињ, каде на вратата нè дочека натпис за добредојде напишан на глаголица, а исто така и во внатрешноста имаше големи број на фрески и натписи. Вечерта беше отворена со песна и оро на Мешовитиот хор и оркестар на Друштвото под водство на професорката Бисерка Кухта.

За животот и делото на браќата Кирил и Методиј и патот



на глаголашите, како и за глаголицата зборуваа Драго Драгузет, долгогодишен член на Друштвото и Авелина Дамијањевиќ Ковачиќ. Меѓу многубројните места каде постојат натписи на глаголица, што најмногу ги има во Истра и Приморско-горанската жупанија, на настанот беа споменати Валунска плоча на Црес, Башчанска плоча, како и Јурандворски делови во црквата *Св. Луција* во Јурандвор крај Башка на островот Крк, каде членовите на Друштвото пред некоја година одржаа пригодна програма. Драго и Авелина посебно и детално ги опишаа овие и други места, како и патот на глаголашите во Истра, Роч и Хум, а посебно место зеде писмото глаголица на која и денес се пишуваат книги и го има на повеќе предмети и сувенири.

Дојдовме и до еден податок дека во црквата *Св. Фрањо* во Пула во која се служат Богослужби на МПЦО „Св. Јоаким Осоговски“ има натпис на глаголица.

Ова е само дел од поврзаноста на Истра и Македонија, а Друштвото од Пула настојува секојдневно да ја прикаже поврзаноста со култура, песна и оро, како и традиција.

Вечерта продолжи со поздравните зборови на претседателот на Друштвото, Тодор Бродарски, и честитки на нашата членка Микела Ристоски која донесе злато од Параолимписките игри, а и голема благодарност на заменичката на жупанот на Истарската жупанија, Џузепина Рајко, која ја следи секоја наша активност, како и поранешната секретарка на Истарската жупанија, Денис Галант.

Вечерта ја разубавија нашите гости КУД *Уљаник* од Пула кое постои 49 години, а кое со нашето Друштво има долгогодишна соработка. Најмладите, учениците од изборната настава по македонски јазик и култура при ОУ „Центар“ од Пула, и нивната наставничка Сашка Соломоновска Јаневска беа поттик и надеж, јазикот и писмото да не се заборават.

Оваа вечер просторот го красеше и етно-креативната работилница со многубројните предмети изработени од креативците Бранка Рожман, Сашка Соломоновска Јаневска, Милена Златеска, како и учениците. Дружењето продолжи со песна и оро.

Програмата е финансирана од Советот на националните малцинства во Р. Хрватска, Истарска жупанија, Град Пула и донации на Друштвото.

Михаела Златеска

# Благослов на домовите



Управниот одбор на МПЦО „Св. Јоаким Осоговски“ – Пула и оваа година организира Благослов на домовите во Пула и Истарската жупанија. За време на божиќните пости нашиот духовен татко, отец Кирко Велински, благослови околу дваесетина домови на нашите верници низ цела Истарска жупанија.

Зошто треба да се благослови домот – во кратки црти нашиот отец рече: Нашата вера нè учи дека пред секој голем празник, како што се Воскресението Христово – Велигден, Рождеството Христово – Божиќ, Успение на Пресвета Богородица – Голема Богородица и денот на Светите Апостоли Петар и Павле, имаме и одредени подготовки. Пред сите овие празници се определени подготовки, односно пости. И, како што сакаме да ги пречекаме достоинствено во семејството, сакаме домовите физички да ни бидат уредни и чисти. Многу поважно е да ни бидат духовно исчистени. А токму тоа е сега благословено време, кога исчекуваме да ни се роди Богомладенецот Христос. Да си го повикаме свештеникот и заедно со целото семејство да се помолиме, за телесно и духовно здравје, мир и слога во семејството, успех во училиште и на работното место, но и да му заблагодариме на Бога. Тоа е вистинската вера, драги браќа и сестри. Еден ден во годината треба да ни биде неизмерна чест и духовно задоволство, особено пред овие убави празници, свештеникот да си го повикаме и да нè посети, благослови и да освети водичка. На едно место во молитвите што ги чита свештеникот се вели: „Господи, преку влегувањето на твоите свештеници нека влезат и Твоите свети ангели во овој дом...“ А на сите ни е потребна Божја помош. Дај Боже, следниот пат да се пријавиме во уште поголем број и милостивиот Бог да ги услиши нашите молби и потреби, а ангелите Божји да останат да живеат во нас и нашите семејства.

Михаела Златеска

# Етно креативна работилница



Етно креативната работилница на Македонското културно друштво на Истарската жупанија „Св. Кирил и Методиј“ од Пула активно соработува со учениците од изборна настава по македонски јазик и култура при ОУ „Центар“ од Пула и нивната наставничка Сашка Соломоновска Јаневска. Најмладите весело ги боеја кутиите и предметите со мотиви на македонското знаме, како и други предмети со божиќни мотиви. Сите направени предмети ќе ги продаваат за добротворни цели во нивното училиште. Весело раскажуваа како минатата година ги продале сите свои направени дела. За овој Божиќ брзаат да направат што повеќе украси и да ги продадат. Најмладите со своите дела заедно со Етно креативната работилница на Друштвото учествуваа на етно креативната изложба на „Денот на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска“, како и на изложбата на „Деновите на глаголицата во Истра“. На крајот, најмладите ги следеа чекорите на орото и весело играа.

М. З.





SRIJEDOM I ČETVRTKOM TAMBURAŠI – GRUPA „TO JE TO“ • PETKOM I SUBOTOM – GRUPA „MAKEDONSKA DUŠA“

Na adresi Ilica 298, Zagreb, naselje Kustošija, odmah pored Name, dođite da osjetite dašak zemlje sunca gdje se spajaju okusi Balkana, Orijenta i Mediterana!

Organiziramo svake vrste obiteljske proslave te poslovne susrete. Veselimo se vašem dolasku!

# Промовирани „Убавиот збор и железна врата отвора“ и „Лов на елени“

*На 14 ноември 2016 година во просториите на Научната библиотека во Задар се одржа манифестацијата „13. Денови на македонската култура“ под покровителство на Советот за националните малцинства на Република Хрватска*



Оваа манифестација, која се одржува секоја година во организација на МКД „Билјана“ има за цел да ја промовира македонската култура во сите нејзини форми преку творештвото на македонски уметници. Беа промовирани две книги на македонски автори и тоа *Убавиот збор и железна врата отвора* на Елизабета Петровска и *Лов на елени* на проф. д-р Васил Тоциновски. Во улога на промотор на делото на Петровска зборуваше самиот професор Тоциновски, додека пак промотор на неговото дело беше Никола Шимиќ-Тонин, претседател на Хрватското книжевно друштво – огранок Задар.

Манифестацијата ја отвори Мирјана Мајиќ, претседателка на МКД „Билјана“, која изрази големо задоволство што во рамките на оваа манифестација имаме вистински уметници за чии дела задарската публика мора да слушне. Веднаш по воведот таа го покани проф. Тоциновски да го претстави делото на Петровска. Тој истакна дека има потреба да ѝ се обрати на публиката на македонски јазик кон кој чувствува возвишено чувство на почит, посебно затоа што и самото дело на Петровска директно го обработува македонското народно творештво. Се работи всушност за антологија на кратки фолклорни жанрови од македонското народно творештво собрани во едно дело.

Тоциновски ја претстави авторката како млада, успешна и амбициозна поетеса и новинарка која твори во Загреб. Досега нејзините дела се наградувани со престижни награди кои со себе носат и одредена одговорност, меѓу кои е наградата „Стојан Христов“ за најдобра поетска книга на иселеници која ја доделува Агенцијата за иселеништво на Република Македонија.

## Приказна за мудроста

За самото дело *Убавиот збор и железна врата отвора* Тоциновски потенцираше дека се работи за антологија која бара исклучителен труд, време и посветеност да се соберат толку многу прости форми кои во себе носат извонредна приказна и мудрост пренесувана од народот.

Авторката Елизабета Петровска исто така кажа неколку збора за своето дело, накратко го претстави и зборуваше за мотивот и инспирацијата кои ја довеле до оваа книга. Таа кажа дека чувствувала потреба да ги собере на едно место сите кратки народни творби од македонската традиција по кои и сама трагала додека пишувала други поетски дела.

Во вториот дел на програмата зборуваше Никола Шимиќ Тонин кој го претстави делото *Лов на елени* на Тоциновски. Од тринаесет есеи обединети во ова дело кои се посветени на великаните на македонската книжевност и на некои немакедонски автори кои имале влијание врз развојот на македонската литература, Тонин за оваа пригода поради временското ограничување зборуваше за односот помеѓу Мирослав Крлежа и Блаже Конески за кој пишува Тоциновски. Тој посебно ја потенцираше врската помеѓу хрватската и македонската литература како и помеѓу хрватскиот и македонскиот народ кои имаат слична историја, што потоа се одразило на самата литература. Кратко ги спомна и останатите автори кои се застапени во ова дело, меѓу кои се Константин Д. Петковиќ, Кочо Рацин, Асен Шудров-Ведров, Анка Призмиќ, Даница Ручигај, Џакомо Скоти и Константин Тренчев.

Програмата ја збогатија и членовите на ХКД – огранок Задар со читање на неколку свои поезии. По крајот на промоцијата присутните имаа прилика да поразговараат со самите автори, како и да добијат примерок од нивните книги. Настанот заврши со пригодна закуска за време на која гостите уживаа во неформален разговор со авторите.

Елена Кипровска Кнежиќ

# Односот кон националните малцинства поставен на високо ниво



На 13 јануари, во Сплитско-далматинската жупанија, жупанот Златко Жеврња приреди прием по повод Денот на меѓународното признавање на Република Хрватска, за претставниците на конзуларниот кор во Сплит и претставниците на Советите и националните малцинства во Сплитско-далматинската жупанија.

„Овој ден е еден од најважните датуми во новата историја на Република Хрватска, но и во онаа постарата. Денес се присетуваме на оние силни желби и вековни стремења на хрватскиот народ за сопствена држава", истакна жупанот Жеврња. Тој изрази голема благодарност на сите жртви кои се бореа за остварувањето на вековниот сон за самостојноста на хрватската држава. Исто така, жупанот нагласи дека пред сите нас сега стојат големи предизвици за раст на стопанството и подобрување на социјалниот стандард на сите граѓани на Република Хрватска.

Слободан Анчиќ, почесен конзул на Кралството Шведска и доајен на Конзуларниот кор, се заблагодари на сите служби на Сплитско-далматинската жупанија за соработката со Конзуларниот кор.

Во име на Советите на националните малцинства и претставниците на националните малцинства во Сплитско-далматинската жупанија на соработката се заблагодари Ангел Митревски, член на Советот за националните малцинства на Република Хрватска, кој нагласи дека во овие 25 години од признавањето на Република Хрватска до денес односот кон националните малцинства е поставен на едно високо ниво, но исто така, посочи дека не смее да се заборави и дека бројни припадници на националните малцинства го положиле и својот живот за самостојноста на Република Хрватска.

Биљана Митревски

# Четврт век од меѓународното признавање на Хрватска

По повод 25-годишнината на меѓународното признавање на Република Хрватска, сплитскиот градоначалник Иво Балдасар, претседателот на Градскиот совет на Град Сплит Борис Чурковиќ, како и замениците на градоначалникот Аида Батарело и Горан Ковачевиќ, на 16 јануари во Градската управа ги примија членовите на Конзуларниот кор во Сплит и претставниците и претседателите на Советите на националните малцинства за Град Сплит.

Во воведниот дел, градоначалникот Балдасар истакна дека ова е еден од најважните датуми во формирањето на Република Хрватска.

„Ова е датум кога сите мораме да се прашаме до каде сме дојдени со формирањето на нашето општество и заедница. Се заблагодарувам на ценетите гости, конзули и припадници на националните малцинства, кои ја подржаа Република Хрватска на нејзиниот пат кон независноста, но и со голема благодарност на хрватските бранители. Во однос на времето пред 25 години, денешните предизвици се сосем поинакви. Денеска мораме да го засилуваме стопанството и да создаваме што подобра перспектива, особено за помладите генерации", рече Балдасар.

Во името на конзулите, пригоден збор кажа и Слободан Анчиќ, доајен на Конзуларниот кор и почесен конзул на Кралството Шведска. Исто така, тој му се заблагодари на Град Сплит на добрата соработка.



Ангел Митревски, член на Советот за националните малцинства на Република Хрватска и претставник на македонското национално малцинство во Сплитско-далматинската жупанија, истакна дека односот кон националните малцинства е дојден на еден завиден ниво и дека секоја година се подобрува. Го истакна и Град Сплит како еден од ретките градови во Република Хрватска кој има Одбор за национални малцинства и кој во својот годишен буџет има посебно одвоени средства за програми на здруженијата на националните малцинства во Сплит.

Биљана Митревски

## МКД „Браќа Миладиновци“ активно и весело ја заврши старата година

Може слободно да се рече дека предбожиќните месеци за МКД „Браќа Миладиновци“ од Осиек беа весели и работни: членовите на Друштвото патуваа во Загреб на 25-тиот роденден на Заедницата на Македонците во РХ, се дружеа, настапуваа и си помагаа, и успешно ја заврши 2016 година. Со такво расположение влегоа во новата 2017 година. А еве на што сè можат да се горди во изминатите месеци:



## МКД „Браќа Миладиновци“ на гости во Македонија

Средината на ноември за Друштвото беше исполнета со интензивни подготовки за работна посета на Македонија.

Програмата во Скопје беше богата: по пристигнувањето, на 21 ноември во попладневните часови, во фоајето на Драмскиот театар во Скопје беше отворена филателистичката поставка на стари македонски разгледници и пригодни пликоа кои го поврзуваат македонскиот и хрватскиот народ со прилог нумизматичка збирка „Македонија: така далечна, а така блиска“. Автор на изложбата е Драгољуб Сиљаноски, член на Друштвото и претставник на Македонското национално малцинство за Осиечко-барањската жупанија.



Во вечерните часови, во просториte на Драмскиот театар во Скопје, членовите уживаа во претставата „Мојот маж поет“ којашто беше подготвена според текстот на македонската авторка Румена Бужаровска, а пред македонската публика ја изведоа студентите на Уметничката академија во Осиек. Во претставата настапија Анамариа Јуришиќ, Сара Мозер, Крешимир Јелиќ и Јаков Јозиќ, драматург и задолжен за сценската адаптација беше Маријан Лисјак, композитор Људевит Лаушин, а сценографијата беше на Јасмина Пацек. Претставата беше копродукција меѓу Уметничката академија од Осиек и Македонското културно друштво „Браќа Миладиновци“ од Осиек.

Во текот на следните денови, членовите на Друштвото ја посетија Католичката црква во Скопје, како и Министерството за култура и Министерството за образование на Република Македонија, каде што имаа пригодни состаноци со нивните претставници со цел зацврстување на соработката и поддршка на активностите на македонската заедница во Хрватска.



## Песна и оро до раните утрински часови

Традиционалната „Македонска вечер“ оваа година се одржа на 26 ноември во салата Антеа во Осиек. Вечерта беше исполнета со добра забава: покрај богатото мени во кое беше застапено и македонското тавче гравче, имавме и добра музика за што се погрижи бендот „Охридски бисер“ од Загреб, чиј настап го зборати солистката Ксенија Менковска од Осиек.

Покрај распеаните и разиграни домаќини, во песната и орото уживаа и нашите пријатели од Осиек, Нашице, Михољац, Пунитовци и други места, како и гостите од македонската Амбасада во Р. Хрватска, советникот Мачеј Качоровски со вработените од Амбасадата, заменикот на жупанот на Осиечко-барањската жупанија, Драган Вулин, како и претставниците на МНМ за Град Осиек и Осиечко-барањска жупанија. Забавата траеше до раните утрински часови. Никој не се пожали на уморните нозе, зашто срцата беа силни и полни!

## Настап на „Т'га за југ“ кај Словенците од Осиек

На 26 ноември во Детскиот театар „Бранко Михаљевиќ“ во Осиек, словенечкото културно друштво „Станко Враз“ од Осиек го прослави својот 10. роденден. На концертот освен словенечките, унгарските и хрватските звуци, се слушна и македонското „Касапско оро“ во изведба на Кирил Наумов на виолина и Андреј Пезиќ на хармоника, членови на секцијата „Т'га за југ“ од македонското културно друштво „Браќа Миладиновци“.



## На гости во Будровци



Селото Будровци, коешто се наоѓа на околу 5 километри од Ѓаково, е познато по гробницата на 210 македонски војници – партизани кои загинале при ослободувањето на селото на 14 април 1945 година. Иако долги години запоставена, оваа година гробницата беше повторно уредена во спомен на 70-тата годишнина од завршувањето на Втората светска војна.

Ова место на 27 ноември 2016 година го посетија претставници на Македонската амбасада во Република Хрватска, **Мачеј Качоровски** и Ивана Новоселник, и членови на МКД „Браќа Миладиновци“, меѓу кои претседателот на Друштвото, Борис Трајановски, и претставникот на МНМ за Осиечко-барањската жупанија, Драгољуб Сиљаноски, кои на гробницата положија венци цвеќе во спомен на паднатите македонски воини.

Во текот на истиот ден, делегацијата на Амбасадата беше примена од страна на претставниците на Ѓаковачката надбискупија.

## Сложни и во неволја



На 22 декември 2016 година пратка со хуманитарна помош собрана од страна на членовите на МКД „Браќа Миладиновци“ замина за Куќанци, Доњи Михољац.

Целта на помошта беше да му се помогне на едно семејство со македонско потекло коешто се најде во немаштина.

Организатор на акцијата беше долгогодишната членка Марина Грбавица. Придружувана од Душанка Лизачиќ и Жељко Милаковиќ, таа им врачи 2.000 куни и пакети со хигиенски производи и храна.

Се собравме да помогнеме, зашто важно е да сме заедно и тогаш кога сме во неволја, беше девизата на оваа акција којашто заврши со успех.

## Китење на новогодишната елка

На 30 декември 2016 година, членовите на Друштвото се собраа во просториите на МКД „Браќа Миладиновци“ да ја накитат елката, да се договорат околу прославата на православниот Божиќ и – работно да ја завршат годината.

И додека Анамарија и Никола ја китеа елката пеејќи ја песната „Елко, елко, порасни уште две три педи, за да може Дедо Мраз, дарови да реди“, другите членови малку се дружеа, но и работеа: направија попис (инвентура), планови и програми за 2017 година... и си посакаа убави желби во Новата година!

## Божиќ со паричка во Осиек



Православниот Божиќ во Осиек беше одбележан свечено и весело. На 8 јануари 2017 година, членовите во Друштвото ги пречека богата божиќна трпеза подготвена од вредните раце на нашите членови, а под „кореографска палка“ на Марина Грбавица.

Прославата започна со кршењето на божиќното лепче – погача со паричка што ја приготви нашата членка Паца Бољешиќ која заедно со Марина Грбавица говореше и за Божиќните обичаи поврзани со овој празник во различни делови на Македонија.

И покрај разликите, едно ги поврзува сите Божиќни празнувања: полната трпеза, добрите желби и поздравот „Христос се роди – вистина се роди!“

Јулијана Тешија



# На Божиќ во „Госпе од Анчела“, благодарница за градоначалникот Балдасар

Највеселиот христијански празник – Денот на раѓањето на Исус Христос – Божиќ, сплитските верници собрани во Македонската православна црковна општина „Св. Наум Охридски“ и оваа година на го прославија во црквата „Госпе од Анчела“. Парохискиот свештеник на МПЦ во Хрватска, протојерејот Кирко Велински, ја држеше свечената богослужба пред полната црква. Во својата проповед, тој даде значење на овој настан за сите христијани и посака мир и љубов за сите луѓе на овој свет. Посебно го апострофираше и единството помеѓу самите Македонци и Македонки во РХ и во Сплит.



По завршената свечена литургија, во просториите на МПЦО „Св. Наум Охридски“ се одржа Редовно изборно собрание на кое повторно за претседател на МПЦО „Св. Наум Охридски“ беше избран Живоин Богески, досегашен претседател.

Потоа на сплитскиот градоначалник, Иво Балдасар, му беше врачена благодарница за несебичната помош која ја дава кон МПЦ во РХ, како и за досегашните финансиски донации за изградба на првата црква на МПЦ во Р. Хрватска. Во своето обраќање, градоначалникот Балдасар рече дека тој мисли дека Македонците во РХ имаат право да имаат свој храм во кој ќе ги извршуваат сите свои верски потреби и дека тој ќе помага и понатаму во границите на своите можности. На крајот следуваше дружење со македонски јадења и делиции.

Б.М.

# Конституиран Совет на македонското национално малцинство за Град Сплит

Конечно по многу разговори и преговарања, на 29 декември 2016 г. на конститутивната седница на Советот на македонското национално малцинство за Град Сплит во организација на Канцеларијата на градоначалникот на Град Сплит, во присуство на сите 12 избрани членови на Советот на македонското национално малцинство за Град Сплит, за претседател е избран Владимир Апостолски, а за потпретседател Македонка Кнезовиќ.

Сето ова изгледа убаво и едноставно доколку не се знае податокот дека претходните две конститутивни седници беа опструирани од кандидатите на Македонскиот културен центар во Сплит, особено од неговиот претседател Перо Груевски, кој како основен ултиматум за соработка го постави својот избор за претседател на Советот на македонското национално малцинство за Град Сплит. Сепак, на крајот победи разумот и кај делот од членовите на Советот на македонското национално малцинство за Град Сплит од листата на Македонскиот културен центар кои сфатија дека не се потребни никакви опструкции, бидејќи македонско национално малцинство е веќе доста добро етаблирано во општествениот живот на град Сплит и дека понатамошната опструкција нема никому ништо добро да донесе.

Конечно, како „прави политичари“ ги распределија функциите на начин претседателот Апостолски да е од „мнозинската листа“ на Македонското културно друштво „Македонија“, а потпретседателката од Македонскиот културен центар. Се надеваме дека по добиените решенија ќе превлада разумот кај сите и дека ќе почнат со работа, иако со задоцнување од две години, за доброто на сите припадници на македонското национално малцинство во град Сплит.

Биљана Митревски

# Прославен Божиќ – празникот на љубов, простување и милосрдие

*Голема благодарност до нашата мајка, Македонската православна црква – Охридска Архиепископија, која не ги заборави своите чеда кои се надвор од својата сакана татковина и ни овозможува достојно и со голема радост да ги задоволуваме нашите духовни потреби и на својот мајчин јазик да се молиме и да го славиме Бога. По Божја промисла, а за наша голема радост овде во Р. Хрватска, МПЦ ни го испрати нашиот духовен татко, протојереј Кирко Велински, кој преку целата година родителски се грижи за сите нас, а посебно за големите празници, како и за овој Божик, кога ја одржа Божествената литургија*





Според јулијанскиот календар, секоја година Бадник е на 6 јануари, а Божиќ ден потоа. Тоа се прекрасни денови кога семејствата во хармонија и со радост ја очекуваат и прославуваат веста за Христовото раѓање. Така и ние Македонците овде во Хрватска вечерта на 6 и утрото на 7 јануари се собравме на заедничка молитва, и преку Светата причест го примивме Богомладенецот Исус Христос. На Бадник ни се придружија на наше големо задоволство вршителот на должности при Амбасадата на Р. Македонија во Р. Хрватска, Мачеј Качоровски, со своето семејство и нашите сограѓани, а воедно големи поддржувачи на Македонската православна црква, култура и традиција Стипе Зеба и Костадинка Велковска (претставници на градоначалникот на Загреб, Милан Бандиќ), а на Литургијата на Божиќ, монсињор Златко Корен – претставник од Католичката црква и Дан Ѓаковиќ, претставник на Град Загреб.

По отслужената Богослужба го добивме и новиот кум за идната година, Борна Ѓорѓиевски, на кого му се падна паричката од благословеното лепче. Отец Кирко ни го претстави младиот Филип кој е прва година во средното Богословско училиште во Скопје со желби за успешно школување, мир, телесно и духовно здравје и надеж еден ден за заедничко Богослужење во, се надеваме, дотогаш веќе изградената наша црква Св. Злата Мегленска во Загреб.



Во овие радосни денови сите се потсетивме на суштината на Божиќ – љубов, простување и милосрдие, кога секој треба да го заборави лошото, па така и најзагрозените од животните искушенија треба за момент да стават насмевки на своите лица. Треба да дадеме можност добрината да ги усреќи луѓето и своите срца да ги отвориме за другите, но пред сѐ за Бога.

Голема благодарност беше упатена до сите кои доброволно, според своите можности, дадоа прилог за изградба на нашата нова црква, како и повик до сите наши браќа и сестри Македонци овде во Р. Хрватска да собереме сила и што поскоро да му изградиме дом на нашиот Господ Исус Христос, кој понизно и скромно слезе од небесата и во Витлеемската пештера стана Богомладенец заради нас и нашето спасение. Да си докажеме себеси, а и на светот, дека навистина сме избран Библиски народ кој отсекогаш му служел на Бога, та достојно и гордо да му изградиме дом, кој воедно ќе биде и наше духовно катче, место за споделување на сите животни случувања, и радосни и тажни, место кое ќе им го оставиме на нашите синови и ќерки на нашите внуци.

Среќно и благословено ново лето Господово 2017.

**„ХРИСТОС СЕ РОДИ!!! НАВИСТИНА СЕ РОДИ!!!“**

Бранкица Богатинов



# Prof. dr. sc. Darko Gašparović 1944. – 2017.

***U svojoj 73. godini zauvijek nas je napustio ugledni teatrolog, sveučilišni profesor, pjesnik i dramatičar Darko Gašparović***

Prof. Darko Gašparović bio je veliki prijatelj Makedonaca, i ujedno jedan od rijetkih slavista u Rijeci koji je dobro poznavao makedonsku književnost. Prof. Gašparović od samih se početaka uključio u naše Hrvatsko-makedonske književne i jezične susrete kao jedan od aktivnih sudionika. Na našem prvom druženju u Rijeci, prof. Gašparović održao je izvanredno priopćenje s temom *Paskvelija Živka Činga i Hl Fl Gorana Stefanovskog u Hrvatskom narodnom kazalištu Ivana Pl. Zajca Rijeka*, u kojem je naglasio da je Paskvelija zasigurno umjetnički vrijednosni dramski vrhunac kazališta tog vremena, no s različitim uspjehom, odjekom i posljedicama za budućnost. Za *Hl – Fl* Gorana Stefanovskog utvrdio je da je trenutačno repertoarno i tematsko osvježenje. Na našem drugom druženju u njemu dragom Ohridu, prof. Gašparović nastupio je s izlaganjem *Ljubiša Georgievski i dvajca hrvatski klasici*, u kojem je stilistički briljantno i analitički objasnio odnos makedonskog redatelja Georgievskog prema djelima dvojice hrvatskih klasika – Krležinoj *Hrvatskoj rapsodiji* i Marinkovićevoj *Gloriji*. Na trećem simpoziju „Hrvatsko-makedonske književne i jezične veze", Gašparović u tekstu *Mirko Božić i Kole Čašule* još jednom pokazuje svoje raskošno poznavanje hrvatske i makedonske dramske književnosti, ukazujući na sličnosti i razlike u djelima vrsnih dramskih pisaca, Božića i Čašule. Meni osobno, kao makedonistu, bilo je izuzetno zadovoljstvo slušati ovog izuzetnog dramaturga i vrsnog stilista, koji je s toliko znanja i erudicije ispisao briljantne tekstove koji krase naše objavljene zbornike i na tome mu velika hvala.

Kad već ispisujem ovaj „In memoriam" tekst mom dragom prijatelju, kolegi i uvaženom sveučilišnom profesoru, treba dopisati i sljedeće. Zaslugom dr. Darka Gašparovića, Hrvatsko narodno kazalište Ivana pl. Zajca je u svojoj šezdesetogodišnjoj povijesti izvelo dva naslova makedonskih autora. Prva je bila *Paskvelija*, kazališna prilagodba proze Živka Činga u režiji Ljubiše Georgievskog, premijerno izvedena 20. veljače 1980. godine u tadašnjoj dvorani *Neboder* na Sušaku. Četiri godine kasnije, 2. veljače 1984., redžiser Vlado Vukmirović je na scenu obnovljene zgrade kazališta postavio *Hl Fl, kazališnu mutaciju* Gorana Stefanovskog. *Paskveliju* su iznijeli riječki glumci: Zdenko Botić (Tacko), Nenad Šegvić (Klimo) i Bogumil Kleva (Pumpalovski). Poznati riječki kazališni kritičar Miroslav Čabrajec napisao je u *Novome listu* da je *Paskvelija sjajan primjerak redateljskog umijeća, demonstracija superiorno osmišljenih postupaka koji su pokrenuli sve dionice spektakla i usmjerili ih prema osjetilima gledatelja kao prema cilju u kojem teatar okrutnosti opravdava svoje postojanje*. Opsežnu i pohvalnu kritiku napisao je i Elzio Mestrovich u riječkome dnevniku *La Voce del popolo*, istaknuvši teatarsku magiju Ljubiše Georgievskog, koja u suradnji s nadahnutim glumačkim ansamblom daje izvrsnu predstavu o temeljnim moralnim dilemama koje donosi revolucija. Analizu predstave, ali i samoga teksta, dao je i Alessandro Damiani, upozorivši da se ljudska drama iz jedne konkretne povijesno-egzistencijalne situacije preobražava u tragediju ideala – kako ideologije, tako i povijesnih prijelaza – postavši metaforom ljudskog stanja. Izvedba drame *Hl Fl* Gorana Stefanovskog također je izazvala pažnju riječke kritike. Najkritičniji je bio Aldo Milohnić iz riječkoga časopisa *Val,* koji je tekst okarakterizirao *komercijalnim i sumnjivih umjetničkih kvaliteta*. Miroslav Čabrajec i Alessandro Damiani pisali su uglavnom pohvalno o dramskom tekstu i predstavi. Čabrajec je pohvalio izvedbu riječke Hrvatske drame u svim njenim sastavnicama, dok je Damiani u drami Stefanovskog pronašao alegorijsku dramu koja svakoga osobno jasno postavlja pred dilemu između kartezijanske i sartrovske promisli.

U 2016. godini obradovala nas je vijest iz Makedonije, također vezana uz ovog vrhunskog intelektualca. Ugledni riječki teatrolog, dramaturg, književnik, član suradnik Hrvatske akademije znanosti i umjetnosti, dr. Darko Gašparović, dobio je značajno priznanje Ohridske akademije za humanizam. Profesoru Gašparoviću u Ohridu je dodijeljena Svjetska nagrada za humanizam za 2016. godinu. Nagradu mu je uručio Jordan Plevneš, predsjednik Akademije i rektor Sveučilišta audiovizualnih umjetnosti iz Skopja. Uz to odličje, dr. Gašparović objavio je u Makedoniji knjigu *Pismoto niz vekovite – književno kulturološki ogledi*, koju je na makedonski jezik prevela Pavlina Taseva.

O toj sam knjizi objavio tekst u *Novom listu* apostrofirajući još jednom njegovo izuzetno poznavanje makedonske dramske književnosti. Gašparovićeva ljubav i poštovanje prema makedonskom nacionalnom i duhovnom biću ogleda se u predgovoru knjige koji naslovljuje *Vraćanje kon makedonskiot iskon*, u kojem s mnogo elegičnosti, sjete, ali i duhovne inspiracije piše o Ohridu, duhovnom i vjerskom vrutku buduće makedonske crkve, kombinirajući pritom duhovnost, religiju s uni-

verzalnom snagom vjere, kojoj je bio duboko posvećen. Opčinjenost koju doživljava u susretu s makedonskim hramovima u Ohridu, spominjući Svetu Bogorodicu Prečistu, Svetog Klimenta i Svetog Pantelejmona, Svetu Sofiju, makedonske freske, Gašparović kao da ide tragom Miroslava Krleže, koji je u društvu makedonskog povjesničara umjetnosti ispisao prekrasne tekstove o drevnoj Makedoniji. Bio je veliki prijatelj „Ilindena", sudionik njihovih slavlja, veselja, promocija, izložbi. Makedonci su ga voljeli i cijenili. Bio je i ostat će u njihovom sjećanju kao drag prijatelj. Meni osobno nedostajat će naša neispijena čaša crnog makedonskog vina koju smo obećavali jedan drugome u makedonskom „Ilindenu", kao i naša druženja, istina ne tako česta, ali uvijek srdačna i nadasve prijateljska.

Prof. dr. Goran Kalogjera



# Есма Реџепова

## – живот исполнет со песна, човекољубие и добрина

Во Скопје се роди пред 73 години, во Скопје почина. Погребана е со најголемите државни почести. Жената која со својот прекрасен глас пееше низ целиот свет, настапуваше пред Тито, Гадафи, Ганди и многу други бројни државници и истакнати личности. Ја развеселуваше публиката на нејзините бројни концерти низ светот. Најголемата мајка со 47 посвоени деца и над 120 внуци и правнуци имаше огромно срце, ја красеа невидена хуманитарност, почитување и љубов. Животот го посвети на пеењето, човекољубието и добрината.

Родена во сиромашно семејство, од најрани нозе се посвети на музиката и со својата специфичност стана препознатлива. Во 1976 година во Индија беше прогласена за Кралица на ромската музика, а во 1992 година за „Примадона на европското пеење". Двапати беше номинирана за Нобелова награда за мир, а во 2013 година ја доби титулата Национален уметник на Република Македонија. Есма беше вистински амбасадор на својата земја. Македонците во Хрватска и хрватската публика имаа можност да ги проследат нејзините последни настапи на Јадранот, во Сплит, Шибеник и Задар ова лето.

Почивај во мир, најголема МАЈКО!

М. Г.

# Момчило Карајанов

## – замина уште еден од првенците на македонштината во Хрватска

Со голема жал и тага мораме да ги известиме сите наши Македонци и Македонки дека на 8 декември 2016 г. по краткотрајна болест нè напушти Момчило Карајанов – еден од основачите на МКД „Македонија" во 1991 г., десна рака на првиот, сега почесен претседател на МКД „Македонија", Владимир Апостолски, основач и прв претседател на МПЦО „Св. Наум Охридски" во Сплит.

И што да кажеме за него, освен дека по неговото заминување останува една ненадминлива празнина во душите на сите Македонки и Македонци во Сплит. Останува една неизречива тага, но и гордост што имавме таков човек во своите редови, човек што гордо го носеше својот крст и своето потекло. Човек кој секогаш ја имаше својата Гевгелија и својата Македонија како број еден во животот и кој до последниот ден беше верен на својот народ и своето потекло. Во историјата на МКД „Македонија" ќе биде запишан со големи светли букви како еден од малкумината кои во тие бурни денови (1991 г.) ја препознаа потребата за основање на македонски културни друштва низ цела Хрватска.

Нека му е лесна хрватската земја, а на семејството освен сочувство, можеме да кажеме дека можат да бидат горди што го имаа нашиот Момо Карајанов за татко и сопруг.

МКД „Македонија"
Биљана Митревски

# Мајка Тереза, од Балканот до Калкута – патот на една светица





Родена во Скопје во 1910 година Гонџа Бојаџиу е најмалата ќерка на аптекарот Никола Бојаџиу. Во 1922 година го чувствува божјиот повик и од тој ден повеќе ништо не е исто за неа ниту за светот. На 18 години се заредува во Ирска, а во декември истата година тргнува за Индија. Во Ентали предава во училиштето за девојки „Св. Марија", а во 1944 година станува директорка на истото. Но Мајка Тереза чувствува дека може повеќе од тоа, може повеќе да им даде на светот, на сиромашните, на Бога. Добива инспирација, а веднаш потоа и го реализира сонот со основањето на редот „Мисионерки на милосрдието".

## Милосрдие

Во нејзиниот фокус се оние најсиромашните, болните кои немаат никого на светот. Милосрдието кое го нудат таа и останатите сестри е потреба која се чувствува секаде во светот, па набрзо Мајка Тереза отвора свои фондации и мисионерски куќи во Венецуела, во Рим и Танзанија по што следуваат и фондациите во скоро сите комунистички земји вклучувајќи го Советскиот Сојуз, Куба и Албанија.

Оваа мала жена со големо срце на 4 септември 2016 година во Рим беше прогласена за светица. Долго очекуван ден за оние кои ја поддржуваа нејзината работа, за оние кои веруваа во она што го правеше, за оние на кои им има навистина помогнато. Безбројни се сведоштвата на луѓе кои велат дека биле чудесно излекувани со помош на интервенцијата на Мајка Тереза. Случајот кој се смета за најголемо чудо е секако оздравувањето на бразилскиот инженер Марсилио Хадад Андрино во 2008 година кој боледувал од неизлечива болест на мозокот. Откако 42-годишниот инженер завршил во кома, неговата сопруга и останатиот дел од семејството постојано се молеле на Мајка Тереза за негово оздравување. Во текот на паузата од тешката операција, хирургот кој го оперирал го нашол пациентот буден и седнат и кој го дочекал со прашањето што всушност прави во болница. После ова сите контроли покажале дека пациентот е сосема излечен и не биле најдени никакви остатоци од тешката болест. Меѓу нејзините пријатели се набројуваат имиња како папата Јован Павле II и Лејди Дијана со кои ја делеше страста за помагање и големото сочувство со сиромашните и со болните.

## Канонизација

Во текот на животот оваа скопјанка освен многу пријатели створи и свои противници бидејќи се бореше против еутаназијата, против средства за намалување на физичката болка, против абортусот. Сепак, после толку години сестрите од нејзиниот ред и сите нејзини поддржувачи го дочекаа тој гламурозен ден, денот на нејзината канонизација.

Нејзиниот роден град Скопје може да се пофали со спомен куќа во центарот на градот, но прашањето е дали доволно знаеме за неа, дали доволно го почитуваме нејзиното дело и што Скопје и Македонија можат да научат од нејзиниот животен пат.

Елена Кипровска Кнежиќ

# ИМЕНКИ (СУПСТАНТИВИ)
## (дванаесетти дел)
## ИМЕНКИ СО СУФИКСИ ЗА ИЗРАЗУВАЊЕ ЧУВСТВЕН ОДНОС

Кога од некоја причина кон одделни предмети, суштества или појави ќе заземеме позитивен или негативен однос, користиме одделни средства (морфеми) со кои се изразува таквиот однос.

При позитивниот однос се користат суфикси кои изразуваат нежност, галовност. Именките со овие суфикси обично значат и нешто мало. Ваквите именки се викаат деминутиви или хипокористици. При деминутивите доминира укажувањето за малата димензија на нешто (на пр.: *каменче, рипче* и сл.), а кај хипокористиците преовладува чувствениот однос (*бабичка, внуче, ластовичка* и сл.).

Во некои случаи со деминутивно-хипокористичните суфикси се изразува и потценувачки, подбивен однос (на пр., со зборот *маже*), а исто така и неутрален однос (на пр., *ушно тапанче*).

Деминутивно-хипокористично значење во нашиот јазик може да се изрази со следниве суфикси: *-е* (*меше, моме, петле, раче*); *-ец* (*ветрец, народец, снежец*); *-ка* (*лединка, салфетка*); *-че* (*гулапче, книвче, коњче*); *-ица* (*водица, косица*); *-ичка* (*ластовичка, сликичка, ќеркичка*); *-це* (*дрвце, окце, селце*); *-енце* (*детенце, кученце, стебленце); -уле* (*кафуле, писмуле, торбуле*) и др.

Марија Георгиева-Петриќ
судски преведувач за македонски јазик

(Според „*Кратка македонска граматика*“, 25 октомври 1944)

# Македонски јазик на прослава во ОУ „Скалице“

Учениците кои ја посетуваат наставата по македонски јазик во ОУ Скалице во Сплит активно се вклучија во одбележувањето на *Денот на училиштето* на 21 ноември 2016 година. Со рецитал и претстава, тие се обидоа да го претстават македонскиот јазик пред присутните ученици и наставници од училиштето и на тој начин ја збогатија целокупната програма која тој ден се одржуваше во училиштето.

„Драго ни е што и ние бевме дел од прославата на *Денот на училиштето*. Се потрудивме да се претставиме во најдобро светло“, велат учениците кои ја посетуваат наставата по македонски јазик.

Инаку, ОУ Скалице е прво-то мултиетничко училиште во Сплит каде веќе осум години се изучуваат македонскиот јазик и култура како изборен предмет. Покрај деца на Македонци од втората и третата генерација во Хрватска, македонски јазик учат и Хрвати кои немаат никакви роднински врски со



Македонија. Тие едноставно покажуваат голем интерес за Македонија, јазикот, културата, музиката и природните убавини на земјата, што се изучуваат на часовите како изборен предмет.

М. Г.



# Дедо Мраз и хуманитарна акција

Како и секоја година и годинава на 27 декември беше организиран дочек на Дедо Мраз во просториите на македонското културно друштво „Македонија“ од Сплит. Оваа година, најмладите членови на Друштвото беа посебно изненадени кога на поделувањето на пакетчињата со Дедо Мраз се појави и еден негов млад помошник. Меѓутоа, екипата на Дедо Мраз беше засилена и од еден специјален гостин – диск-џокеј, кој за сите нив беше подготвил еден сет на божиќно-новогодишни песни.

Очекувајќи го повикот О-хо-хо со кој пристигнуваа Дедо Мраз и неговиот помошник со торби полни со пакетчиња, децата имаа можност да играат и пеат песни посветени на највеселиот ден за нив. Многумина по прв пат се најдоа во ситуација во која беа пријатно изненадени со дедото со голема брада, но беа и малку збунети кога видоа уште еден таков, исто облечен, но помлад Дедо Мраз. Сепак со поделбата на пакетчињата се започна веднаш по нивното пристигнување.

Посебноста на овогодишниот дочек беше хуманитарната акција која се спроведе со родителите. Имено, сите украси кои беа направени во нашите работилници беа ставени на продажба по симболични цени, а целокупниот приход беше подарен на детето на една наша членка кое има аутизам. Така, настапот имаше и хуманитарна атмосфера на радост на сите членови.

Б. М.

# Сончева понорница

## Книгата "Сончева понорница" на Огнен Бојаџиски секако е потребна и добредојдена ука и поука

Во ноември 2016 година издавајштвото на Заедницата на Македонците во РХ беше збогатено со уште еден нов наслов, *Sunčeva ponornica (Сончева понорница)* од Огнен Бојаџиски. Книгата е печатена со финансиска поддршка на Советот за националните малцинства на РХ, а содржи паноптикум на есеи, огледи, предавања и размислувања за Балканот и Македонија преку одразот на историските движења и на Лупусијада Балканика. Уредник на книгата е Горан Коров, професор по историја, а рецензенти се д-р Златко Матијевиќ и д-р Васил Тоциновски.

„Знаејќи дека историјата е органски спој, а не само механички збир на севкупната човекова активност, авторот со сигурна рака нè води низ воената, политичката, верската и културната историја на Македонија, укажувајќи на нејзината оригиналност заснована на протекот на многу генерации низ минатите векови", ќе запише д-р Матијевиќ.

„Книгата *Сончева понорница* на Огнен Бојаџиски секако е потребна и добредојдена ука и поука. Со длабоко нурнување во тајните на историјата и на животот, со вечната заљубеност во сите македонски значења и димензии, со аргументите како единствена вистина војува за рамноправноста, разбирањето, довербата и соработката во взаемноста на македонствувањето од една и на светот од друга страна", нагласува во рецензијата д-р Тоциновски.




Авторот, пак, вели дека ракописите, предавањата, есеите и другите трудови, создавани во последните педесетина години, претставуваат еден мал сумарум на неговата работа и творештво; со што сè се занимавал, зошто се занимавал и колку во тоа бил добар и успешен. Темите се разновидни на прв поглед, но за него секогаш биле и ќе останат мал предизвик, особено оние од македонското макотрпно минато низ историјата.

Огнен Бојаџиски е автор на книгите *Хронологија на Охридската Архиепископија 1 и 2*, *Прометеи македонски*, *Крлежа и Македонија*, *Македонци во Хрватска* и уредник на репринтот *Бели мугри – Кочо Рацин (1939-2009)*, во издание на ЗМРХ.

Е. П.

20 godina sa Vama
AMPER SERVIS
Cvjetna 6, 10370 Dugo Selo
Ispostava: Čulinečka 52, 10000 Zagreb
Instalacije inteligentnih sustava-pametne kuće
Automatizacija, upravljanje i nadzor instalacija u građevinama
Izrada tehničkih riješenja instalacija
*Elektroinstalacije jake i slabe struje *Centralno i podno grijanje *Ventilacija i klimatizacija *Vodovod i odvodnja *Gips kartonski radovi *Elektrostatički podovi *Automatska zaljevanja *Centralno usisavanje *PVC stolarija, inox i crna bravarija
Tel.: 01/2913-194, tel/fax. 01/2913-188, mob.: 0912230 077, 091 4771 777
E-mail:amper-servis@zg.t-com.hr
Direktor : Jonče Ilievski

# Вкусовите на Македонија



## Похован кромид со мелено месо

**Потребно е**: 2 поголеми парчиња кромид, 400 г мелено месо, сол, црн пипер, малку Вегета, 2-3 лажици лебни трошки, 2 јајца, брашно, масло.

**Подготовка:** Кромидот се лупи и се сече по ширина, на околу 1,5 см. Се раздвојуваат добиените делови, како прстени. Секој прстен се полни со смесата од меленото месо, со зачините и едно јајце. Така подготвените полнети кромиди, како топчиња, се ставаат во фрижидер на 15 минути. Потоа во подлабока тава се загрева масло. Добиените топчиња се валкаат прво во брашно, па во разматено јајце, а потоа во лебни трошки. Се пржи додека убаво не зарумени од двете страни.

## Пилешко со зеленчук

**Потребно е:** 500 г пилешки гради, 2 поголеми моркови, 2 кромида, 2 пиперки, 1 тиквичка, сол, црн пипер, Вегета, 200 мл бело вино, магдонос.

**Подготовка:** Месото се сече на долги парчиња, се пропржува на масло и се става настрана. Во истиот сад каде се пржело месото прво се пропржува кромид, а потоа се додаваат морков, сечен како и месото, на парчиња како ленти, и пиперки, и сето тоа се пржи на тивок оган. Откако зеленчукот ќе омекне, се додава тиквичка, но и месото повторно се враќа со останатите состојки на оган. Се додаваат вино, зачини и магдонос и сè заедно се вари уште 15-тина минути. Може да се послужи самостојно или со некој прилог.





## Колач со вишни

**Потребно е:** 3 готови кори за пита, 4 јајца, шолја млеко, шолја масло за јадење, шолја шеќер, ванила, печиво, малку рум, 8-10 лажици брашно, 5-6 јаболка, цимет, 50 г кокос, 100 г ореви.

**Подготовка:** Тепсијата се мачка со масло (или се покрива со хартија за печење), потоа се ставаат една по една кора, а секоја кора се попрскува со масло. Над корите се ставаат рендани јаболка (на крупно) и се посипуваат со 4 лажици шеќер. Се пече 15 минути. Во меѓувреме од останатите состојки се подготвува бисквитот. Се полева врз корите со јаболка и се пече уште 35-40 минути. Исечените парчиња пред послужување се превртуваат наопаку, така што корите ќе бидат горе. По желба, може да се посипе со шеќер во прав или со кокос.

М. Г.










# МАРКОВ МАНАСТИР – СПОЈ НА КУЛТУРАТА И ДУХОВНОСТА








На 20-тина км јужно од Скопје, во непосредна близина на с. Маркова Сушица, сместен во живописен пејсаж, со векови опстојува Марковиот манастир со црква посветена на св. вмч. Димитриј Мироточив. Манастирот, кој го добил своето име по Крале Марко, е една од најголемите градби од периодот на неговото владеење кој и ден денес е активен.

Уште однадвор, импозантниот комплекс ве кани да ги откриете неговите скриени богатства. Портата искована од масивно дрво води кон дворот каде е сместена црквата, изградена во 1345 г. Во дворот можете да им се восхитувате на прекрасните конаци распоредени како венец околу црквата. Комплексот го украсуваат и камбанерија, помала црква посветена на Св. Апостол Марко, музеј, галерија за икони, фурна, казани за печење ракија, бунар со студена вода и мошне стара воденица која е сочувана како сеќавање на времето кога житото се мелело на таков начин. Тука секој е добредојден да се помоли и да слушне убави зборови за историјата на манастирот.

Ова духовно жариште е воедно и книжевно-просветен центар. Со времето, манастирот стекнал богат имот и се здобил со големо културно-историско богатство: стари икони, стари ракописи и книги, многу црковни предмети и реликвии.

Народното предание говори дека во реновирањето на манастирот учествувал и скопскиот заповедник Хавзи Паша. Тој тргнал кон манастирот со намисла да го извади оловниот покрив од црквата и да го претопи во куршуми. Но, изморен од долгиот пат, во близината легнал да се одмори и заспал. На сон му се јавил војник, облечен во златна одора и јавајќи на коњ го застрашувал со долгото копје. Исплашен, пашата се прашувал кој е тој воин што сакал да го убие. Кога влегол во црквата и ја видел фреската на Св. Димитриј, го препознал воинот од сонот и веднаш се откажал од својата намера, па наместо да го извади оловниот покрив, го реновирал манастирот и на црквата ѝ доградил трем.

Сместен по долината на Маркова Река, манастирот е едно од најпривлечните излетнички места во околината, а тоа што го прави уникатен е самата местоположба, затскриен под пазувите на дрвјата нудејќи питома средина, во комбинација со свежината од реката, зеленилото и сончевите зраци. Ќе ве маѓепсаат шумските патеки прекриени со лековити билки, низ кои додека чекорите и се искачувате, постојано ќе ве следи дебела сенка, опоен мирис и жубор на реката. Овој редок македонски бисер е совршено место за одмор, релаксација и душевен мир, каде ќе стекнете спомени кои долго ќе ги паметите, уживајќи во културно-историските знаменитости и убавини што ги нуди ова волшебно место.

Е. Петровска